ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА

## Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М - НАВ АД Скопје

01 2019 12 01

**Скопје, април 2020**

С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 30 |
| **Финансиски извештаи за 2018 и 2017 година** | |
| Биланс на успех | 31 |
| Биланс на состојба | 32 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 33 |
| Извештај за паричниот тек | 34 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| - Вовед | 35 - 43 |
| - Сметководствени политики | 43 - 49 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 50 - 60 |
| **Прилози** | |
| Прилог 1 | |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија

М-НАВ - Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација

ЕБОР – Европска банка за обнова и развој

УО – Управен одбор

ICAO – Меѓународна организација за цивилно воздухопловство

Eurocontrol - Европската организација за воздухопловна безбедност

ЕУРИБОР- референтна каматна стапка објавена од Европската банкарска федерација

АКЛ – авионска контрола на летање

ФИ – финансиски извештаи

ДДВ – данок на додадена вредност

УЈП – Управа за јавни приходи

МСС – Меѓународни сметководствени стандарди

АЦВ – Агенција за цивилно воздухопловство

МТВ – Министерство за транспорт и врски

РКЕ – Регулаторна комисија за енергетика

АСО – Агенција за супервизија на осигурување

КХВ – Комисија за хартии од вредност

АДИССПДП - Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор

ЦР – Централен регистар

АТЦ – Контрола на воздушниот сообраќај

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:13-413/4

Дата:29.04.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ, за 2018 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2018 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на М-НАВ за 2011 година и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а за усогласеност со закони и прописи изразено е неповолно мислење.

На 06.02.2014 година, извршена е ревизија на резултатите од спроведување на препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година, при што констатирано е дека истите се делумно спроведени.

Со ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај М-НАВ, констатирани се следниве состојби:

- Критериумите за вработување, начинот на прераспоредување на постојните вработени, пресметката и исплатата на додаток за прекувремена работа, не се во согласност со законските прописи и интерните акти на друштвото;
- Обезбедувањето на правни услуги е без соодветни спецификации за цената на услугата и ги надминува планираните средства;
- Во врска со реализацијата на Договорот за заем со ЕБОР, финансирање на “Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза” во износ од 11.150.000 евра, роковите за

имплементација на проектните компоненти континуирано се пролонгираат, друштвото има искористено минимално средства од заемот во предвидениот рок, а потребните системи сè уште не се во оперативна функција, што го зголемува ризикот за ненавремено обезбедување на потребните системски надградби;

- Проценувањето на дел од билансните позиции не е во согласност со законската регулатива, односно дел од ненаплатливите побарувања не се отпишани, дел се отпишани без Одлука од УО, а за дел од нив не се преземени мерки за нивна наплата и за поврат на повеќе платени даноци;
- Несоодветно се евидентирани дел од материјалните и нематеријалните средства, во трговските книги не е евидентирано земјиштето сопственост на друштвото, а објектите што ги користи за своето работење се сè уште во постапка на легализација и запишување на правото на користење;
- При пресметување на амортизацијата на нематеријалните средства не е земен во предвид корисниот век на употреба, промената на амортизационите стапки се врши без образложение и Одлука за промена на стапката, а пописот на средствата и изворите на средства за 2018 година не е целосно и правилно спроведен;
- Во врска со вложувањата – изградба на административен објект, чии активности се завршени во април 2017 година, а во кои друштвото се јавува како соинвеститор констатирани се неправилности во однос на фактичката површина која му припаѓа на друштвото, не е извршен технички преглед на градбата, не е обезбедено одобрение за употреба и негово запишување во јавната книга на недвижности;
- При набавките на стоки и услуги не е постапено во целост со Законот за јавни набаки и тоа во однос на планирањето на реалните потреби и спроведување на постапките за јавни набаки.

По однос на наведеното, укажуваме дека надлежните органи за управување и раководење со друштвото, треба да преземат активности со што ќе обезбедат: пропишување на критериумите за вработување, прераспоредување на постојните вработени и исплатата на додаток за прекувремена работа, да се во согласност со законските прописи и интерните акти. Одлуките за долгорочно задолжување кај меѓународни финансиски организации да се носат врз основа на реално и прецизно изработени оперативни планови за имплементација на проектите, билансните позиции да се проценуваат според меѓународните сметководствени стандарди, квалитетно организирање и извршување на пописот, како и рационално и ефикасно користење на средствата при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

Во делот Останати прашања ревизијата смета за потребно да обелодени дека Надзорниот одбор на друштвото, од март 2018 година работи во непотполн состав, што имало влијание врз извршувањето на неговите надлежности, посебно во делот на донесување на законски и веродостојни одлуки.

Од страна на претседателот и членовите на Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека дел претставуваат известување за мерки кои се преземени и ќе бидат преземени во иднина, а дел не се прифатени поради недоставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби. Забелешките по точките 4.2.8 алинеја 3 и 4.3.3 делумно се прифаќаат поради доставени дополнителни докази и истите ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 31 до 34 заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ (во понатамошниот текст М-НАВ) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед за промени на капиталот и резервите за 2018 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи, на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М - НАВ за 2011 година и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Николче Тасески – Претседател на Управниот одбор на М-НАВ и Извршен директор за воздухопловна навигација, од 05.08.2017 година;
- Климент Чепуњоски, член на Управниот одбор и Извршен директор за воздухопловна техника, од 05.08.2017 година;
- Миѓен Салмани, член на Управниот одбор и Извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции, од 18.09.2015 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорские докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.10.2019 до 31.12.2019 година кај М-НАВ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

На 06.02.2014 година, извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2011 година, број 18-387/4 од 10.05.2013 година и издаден е Преглед за статусот на спроведување на препораките. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека друштвото делумно презело мерки за дадените препораки, односно од вкупно 30 препораки, 8 препораки се спроведени, 6 препораки се делумно спроведени, 12 препораки се во тек и 4 препораки се неспроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 20.01.2020 година.

На ден 16.04.2020 година, од страна на претседателот и членовите на Управниот одбор на М-НАВ примени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-413/3 од 16.04.2020 година. Забелешките се однесуваат на точките точките 1.4, 4.1.1. алинеја 4, 4.1.1. алинеја 5, 4.1.4, 4.2.1, 4.2.2 алинеја 1, 4.2.3, 4.2.4. алинеја 1, 4.2.8. алинеја 3, 4.3.1, 4.3.2, 4.3.3.

Забелешките се разгледани и не се прифатени од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот, а дел од нив претставуваат известување за мерките кои се преземени и ќе се преземат во иднина за надминување на состојбите.

Забелешките по точките 4.2.8 алинеја 3 и 4.3.3 делумно се прифаќаат поради доставени дополнителни докази и истите ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Од извршениот увид во персоналните досиеја на вработените во М-НАВ, договорите за вработување, исплатните листи и друга документација поврзана со пресметка и исплата на плата, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- во М-НАВ воспоставениот систем за електронска евиденција на работното време и на прекувремената работа функционира, но податоците/извештаите од истиот не се користат при пресметка на плата на вработените, што не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи и создава ризик исплатените плати да не се резултат на реално одработените часови и присуство на работа;
- за одредени работни места, основната плата се пресметува по коефициенти за плата утврдени со Правилникот за систематизација на работните места, кои не се усогласени со коефициентите во Колективниот договор. Оваа состојба е надмината со изготвувањето на нов Колективен договор во 2019 година;
- врз основа на Одлуката од УО[1], во месец јули 2018 година исплатени се додатоци на плата за прекувремена работа за 2017 година во вкупен нето износ од 329 илјади денари. Истите се пресметани во износ од 29% од основната плата, наместо основната плата зголемена за 29%, што не е во согласност со член 55 од Колективниот договор. Преостанатиот износ за надомест по овој основ исплатен е во март 2019 година. Од друга страна, иако дел од вработените во 2018 година оствариле повеќе работни часови од полното работно време, до денот на ревизијата не им е исплатен додаток за прекувремена работа, односно сè уште го немаат остварено правото за надомест по овој основ;
- поради недостиг на персонал, а во насока на одржување на работата, воведувањето на прекувремена работа се врши со изготвување на распоред за работа во смени од страна на началниците на одделенијата при Секторот за воздухопловна техника и Секторот за навигација, без одлука за воведување на прекувремена работа и без писмено известување

[1] Одлука од УО бр.02-1098/14 од 06.06.2018 година

на подрачниот државен инспектор за труд, што не е во согласност со член 117 од Законот за работни односи и член 21 од Колективниот договор на М-НАВ. Од септември 2019 година, М-НАВ го известува подрачниот државен инспектор за труд за воведување на прекувремена работа;

- на ден 09.05.2018 година, објавен е Оглас за вработување на 5 извршители за работно место - советник за воздухопловна техника за кое, како посебни услови се предвидени: минимум ВСС VII/1 степен или најмалку 240 ЕКТС и најмалку 2 години работно искуство. Исто така, на ден 25.09.2018 година, објавен е Оглас за вработување на еден извршител на работно место - советник за воздухопловна техника, за кое како посебни услови се предвидени минимум ВСС VII/1 или најмалку 240 кредити - Факултет за електротехника од областа на автоматика и најмалку 2 години работно искуство. Иако огласите за вработување се однесуваат за исто работно место, бараните услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите, се разликуваат и истите не соодветствуваат со условите предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во М-НАВ. Имено, со Правилникот за работното место - советник за воздухопловна техника, предвидено е ВСС VII/1 или најмалку 240 кредити, не е прецизиран факултетот и годините на работно искуство што треба да ги поседува лицето. Со ваквата постапка, се создаваат ограничувачки фактори на кандидатите за вработување и се намалува конкуренцијата;
- во 2018 година, во М-НАВ има 22 нови вработувања, а пет од нововработените се прераспределени на работни места за кои не ги исполнуваат условите предвидени во Правилникот за систематизација на работните места. Исто така, прераспределбата на дел од постојните вработените на работни места на повисоко односно пониско ниво се врши без да биде изготвен предлог во писмена форма со образложение за причините за измена на договорот за вработување. Ваквата состојба не е во согласност со член 14 од Колективниот договор на М-НАВ со кој е уреден начинот и постапката за промена на договорите за вработување и истата создава ризик од субјективизам при распоредувањето на постојните вработени во М-НАВ.

**Препорака:**

- Управниот одбор да донесе одлука за вработените кои во 2018 година оствариле повеќе работни часови од полното работно време, да им се исплати додаток за прекувремена работа, а воведувањето на прекувремена работа да се врши врз основа на писмен акт.

- Надлежните служби во М-НАВ, во огласите за вработување да ги дефинираат критериумите за избор согласно условите за соодветното работно место предвидени со Правилникот за систематизација на работни места.
- Надлежните служби во М-НАВ при доставување на предлозите за измена на договорите за вработување до Управниот одбор да дадат писмено образложение за причините за промената.

4.1.2. Во 2017 година, врз основа на Одлука од УО[2], друштвото склучило два договори за обезбедување на правни услуги со две адвокатски канцеларии, а во 2018 година има преземено активности за склучување на анекси кон тие договори со кои го продолжуваат времетраењето на основните договори за уште една година. Склучените договори како и анексите кон основните договори не содржат вредност, поради што ревизијата направи анализа на исплатените средства на име адвокатски услуги во 2017 и 2018 година и го констатира следново:

- во 2017 година, исплатата на адвокатските услуги на двете адвокатски канцеларии е во вкупен износ од 780 илјади денари иако во финансискиот план на друштвото за 2017 година не е прецизиран износот на средства што се планира за адвокатски услуги. Во финансискиот план на друштвото за 2018 година планирани се средства за адвокатски услуги во износ од 700 илјади денари, искажани се трошоци во вкупен износ од 2.301 илјада денари, а при тоа не е извршена измена на финансискиот план;
- во фактурите, доставени од едната адвокатска канцеларија, воопшто нема повикување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите донесена од Адвокатска Комора на РСМ. Во фактурите доставени од другата адвокатска канцеларија, за првите шест месеци од 2018 година има повикување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите донесена од Адвокатска Комора на РСМ. Во фактурите кои се однесуваат за втората половина на 2018 година е наведен месечен паушал по основниот договор, наместо по Анекс на основниот договор кој бил во важност, а во спецификациите прилог на фактурите нема повикување на Тарифата.

Признавањето на расходи без целосна документација од која ќе може да се потврди дали цената на услугата соодветствува со Тарифниот број, не е во согласност со член 5 став 2 од Договорите за обезбедување на правни услуги и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, што не даваат уверување дека исплатените средства се согласно важечките прописи.

[2] Одлука од Управен одбор број 02-1125/3 од 14.09.2017 година

Од страна на адвокатската канцеларија, во 2019 година, дополнително се доставени спецификации за овие фактури со наведување на Тарифниот број.

**Препорака**

Надлежните служби на М-НАВ, да преземат активности за измена на финансискиот план, а фактурите за извршените услуги од адвокатските канцеларии да се признаваат со приложена спецификација (повикување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите донесена од Адвокатска Комора на РСМ).

4.1.3. Во 2011 година, Управниот одбор на друштвото донел Одлука за долгорочно задолжување кај меѓународна финансиска институција заради финансирање на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - 02. Врз основа на донесената Одлука, во 2013 година бил донесен Закон за задолжување на друштвото со заем кај ЕБОР по Договор за заем без државна гаранција[3]. На 24 септември 2013 година, склучен е Договор за заем со ЕБОР за финансирање на "Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација – втора фаза"[4], во износ од 11.150.000 евра, за период од 12 години, грејс период од три години и три годишен период на повлекување на средствата. Кон овој договор склучени се два Амандмани/Анекси на договорот за заем, првиот во јануари 2014 година и вториот во ноември 2016 година.

Со Договорот треба да бидат финансирани 7 проектни компоненти и тоа:

- АТМ систем вклучувајќи техничко-оперативна сала за системот во износ од 6.250.000 евра и со проценет датум на завршување во јуни 2016 година,
- Систем за говорна комуникација (VCS) во износ од 700.000 евра со проценет датум на завршување во јули 2015 година;
- VHF радио систем во износ од 750.000 евра и со проценет датум на завршување во мај 2014 година;
- Систем за снимање на говор во износ од 150.000 евра и со проценет датум на завршување во ноември 2014 година;
- Mode S радар во Скопје во износ од 2.200.000 евра и со проценет датум на завршување во мај 2015 година;
- Надградба на радарот во Охрид на Mode S во износ од 700.000 евра и со проценет датум на завршување во јули 2015 година и

[3] Закон за задолжување на друштвото со заем кај ЕБОР по Договор за заем без државна гаранција (Службен весник на РМ број 120/2013);
[4] Договор за заем за проектот за модернизација на М-НАВ/Надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација со Европската банка за обнова и развој, Оперативен број 44067;

- AWOS/ATIS/VOLMET систем во износ од 400.000 евра и со проценет датум на завршување во август 2015 година.

Во договорот за заем е уредено дека сите добра, работи и услуги кои се бараат од овој проект, а кои ќе бидат финансирани од средствата на заемот да се набавуваат согласно Политиките и правилата за набавка на ЕБОР[5].

Со договорот, заемопримачот е обврзан да плаќа надоместоци, провизии и трошоци и тоа: почетна еднократна провизија од 1,25% од заемот за време на периодот на обврска, надомест за обврската по стапка од 0,5% годишно на неповлечените средства и камата на повлечените средства т.е. на главницата на секоја исплата по каматна стапка од збирот на годишна маржа утврдена на 3,75% и база на каматна стапка од тримесечен ЕУРИБОР.

Со увид во целокупната доставена документација, а во врска со реализација на проектот и искористените средства од заемот, ревизијата го констатира следното:

- Со основниот договор, проектите биле планирани да завршат до јуни 2016 година, но до наведениот датум иако се започнати постапките за набавка за скоро сите проектни компоненти, сепак не се сите целосно завршени, поради што првите средства од заемот се повлечени на 24.12.2015 година, две години и три месеци по склучување на договорот, односно при крајот на периодот на повлекување на средствата кој првично изнесувал 36 месеци по склучување на договорот. Од овие причини, со вториот Амандман/Анекс на договорот меѓу другото, извршено е намалување на планираните износи на четири проектни компоненти за 50.000 евра, а на база на тоа вклучена е нова проектна компонента за Консултантски услуги - помош на единицата за спроведување на проектот во вкупен износ од 200.000 евра, како и продолжување за две години на периодот на повлекување на средства од ЕБОР кој кореспондира со датумот на завршување на секоја проектна компонента. Поради неможноста да се реализираат проектите и во овој рок, на барање од М-НАВ, ЕБОР издава писмо за продолжување на рокот за повлекување на средствата[6] до 30.06.2019 година и повторно по барање од М-НАВ, продолжен е рокот за повлекување на средства до 30.06.2020 година[7].
- Во однос на првата, примарна проектна компонента, постапката за набавка на АТМ Систем вклучувајќи техничко - оперативна сала за

[5] Постапката за изготвување на тендерска документација, нејзино одобрување и објавување на повикот за тендер, постапката за евалуација на понудите, постапката за избор на најниско евалуирана суштествено прифатлива понуда и постапката за склучување на договор се спроведуваат согласно Политиките и правилата на ЕБОР и секоја од горенаведените фази подлежи на одобрување од страна на ЕБОР, по претходно усогласување со независен консултант.
[6] Писмо за продолжување на рокот за повлекување на средствата издадено од ЕБОР на 17.12.2018 година
[7] Писмо за продолжување на рокот за повлекување на средства издадено од ЕБОР на 28.06.2019 година

системот е отпочната во јули 2014 година, кога ЕБОР дала одобрување на финалната верзија на тендерската документација за првата фаза од набавката. Во периодот од јули 2014 година до јули 2017 година била спроведена постапка за набавка во две фази согласно Политиките и правилата на ЕБОР, а како последна активност во постапката била одобрување на Извештајот за евалуација на понудите за втора фаза од страна на ЕБОР издадено на 31.07.2017 година. При подготвување на натамошните активности, друштвото констатирало дека при префрлањето на податоците била направена техничка грешка во износот на понудата што се наведува во делот – Доделување на договор, прилог кон Извештајот за евалуација на понудите - втора фаза, поради што повторно се обратило до ЕБОР за добивање на одобрување на корегираниот износ, на што ЕБОР дал одобрување на 23.11.2017 година и истовремено укажал на друштвото да пристапи кон потпишување на договор со избраниот понудувач. Друштвото не постапило по укажувањата дадени од страна на ЕБОР и не пристапило кон склучување на договорот со избраниот понудувач. Како резултат на ваквата постапка, а во насока на надминување на состојбите Владата на РСМ како Собрание на друштвото во април 2018 година донела Заклучок со кој му било укажано на друштвото да се ретендерира проектната компонента заради изземање на зградата/салата од истата и истата да се набави со сопствени средства. Поради ново настанатите околности, во април 2018 година, друштвото склучило договор за деловно-техничка сорботка со ТАВ[8] за регулирање на правата и обврските во однос на земјиштето на кое ќе се гради новата зграда (техничка и оперативна сала). Заклучокот на Владата од април 2018 година со нов Заклучок во октомри 2018 година е поништен. Активностите се продолжени, Договорот со избраниот понудувач е склучен на 14.12.2018 година на износ од 7.878.872 евра со рок на имплементација од 22 месеци, а во 2020 година добиено е одобрение за градење[9] на "Нова техничка и оперативна зграда за нов АТМ систем" што треба да се гради на КП бр.1/11, КО Мралино.

- До денот на ревизијата констатирано е дека иако роковите за реализација на проектите континуирано се пролонгираат, од вкупно 8 компоненти на проектот само една е целосно завршена (Систем за снимање на говор (VRRS), три се во завршна фаза (AWOS/ATIS/VOLMET, надградбата на радарот во Охрид на Mode – S, додека Договорот за консултантски услуги - Асистенција за имплементација на проектот се реализира согласно утврдената динамика во договорот. Договорот за АТМ системот е склучен

[8] Договор за деловно техничка соработка бр.03-524/1 од 13.04.2018 година
[9] Одобрение за градење бр.28 Уп.-373/19 од 17.01.2020

на 14.12.2018 година, а Договорот за набавка на VHF Радио систем е склучен на 11 март 2019 година и истите се во почетна фаза на реализација, додека набавката на Mode S радар во Скопје и набавката на Систем за говорна комуникација (VCS) и покрај еднаш спроведените постапки за набавка, од страна на ЕБОР одобрено е ретендерирање од технички причини, т.е повторување на постапката за набавка и истите се сè уште во фаза на финализирање на тендерската документација.

- Со извршената анализа на финансиските податоци за искористените средства од заемот и платените обврски по истиот, констатиравме дека до 31.12.2018 година, М-НАВ има повлечено 919.030 евра од ЕБОР, додека пак платена е главнина во износ од 186.347 евра, надомест за неповлечени средства во износ од 272.103 евра и камата на повлечени средства во износ од 45.553 евра. До 31.12.2019 година повлечени се вкупно 3.275.570 евра.

Горенаведените состојби упатуваат на тоа дека роковите за имплементирање на проектите утврдени во основниот договор за заем склучен со ЕБОР континуирано се пролонгираат, а како резултат на тоа М-НАВ има искористено минимално средства од заемот во предвидениот рок и потребните системи сè уште ги нема во оперативна функција.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со друштвото, одлуките за долгорочно задолжување да ги носи врз основа на реално и прецизно изработени оперативни планови со кои ќе се утврдат објективните услови, околности и рокови земајќи ги во предвид сите можни ризици за имплементација на проектите и навремено да презема соодветни мерки за надминување на истите.

4.1.4. Во 2018 година, искажан е приход по основ на закуп на просторија - ресторан која се наоѓа во објектот на М-НАВ, Контрола на летање, врз основа на договор за закуп[10] од 2016 година со важност до месец мај 2018 година, со месечна закупнина од 90 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на денот на исплатата. Почнувајќи од месец јуни 2018 година во важност е нов договор за закуп[11], по кој друштвото до денот на ревизијата нема остварено приход.

Со увид во документацијата, начинот на склучување на договорот и правата и обврските по склучениот договор од 2018 година, ревизијата го утврди следното:

[10] Договор за закуп на ресторан бр.02-991/2 од 31.08.2016 година
[11] Договор за закуп на ресторан бр.03-128/1 од 23.05.2018 година

- давањето под закуп на просторија - ресторан е извршено врз основ на Одлука на УО[12], во која е наведен закупецот на просторот и износот на закупнина. Со издавањето под закуп на деловниот простор - ресторан на овој начин од страна на М-НАВ не е постапено на начин утврден со Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на РСМ, со кој се уредуваат условите, начинот и постапката за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории над кои права, должности и одговорности во поглед на користењето, управувањето и располагањето има РСМ. Од страна на М-НАВ не се преземени активности за утврдување на проценета пазарна вредност на просторот од страна на овластени проценувачи на недвижен имот, ниту давањето под закуп е извршено по пат на електронско јавно наддавање, со Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање формирана од субјектот кој стопанисува со деловниот простор, со претходно дадена објава на електронскиот систем за јавно наддавање, што не е во согласност со член 4 и 5 од наведениот Закон;
- со договорот, регулирано е правото на закупецот за инвестициски вложувања, со дадена согласност на закуподавачот. Како инвестиција согласно договорот се смета занаетчиски и градежни работи, инвентар и електрични кујнски апарати. Во договорот не е прецизирано кој ќе го надомести трошокот во случај на кршење, губење или расипување на опремата - инвестиција и дали по истекот на договорот, опремата останува во сопственост на закуподавачот. Вложувањето - инвестицијата направена во текот на закупот е регулирано да се рефундира на закупецот со одбивање на овие средства од месечната закупнина сè до целосна исплата на вложените средства;
- од страна на закупецот извршено е инвестиционо вложување во опрема и инвентар во износ од 277 илјади денари и градежни работи во износ од 152 илјади денари. Закупецот нема добиено писмена согласност од закуподавачот за отпочнување со инвестицијата, нема дадено известување до закуподавецот за своите инвестициски вложувања, ниту пак е составен записник потпишан од двете страни по завршување на вложувањето, што не е во согласност со член 20 од договорот. На барање на закуподавачот од страна на закупецот доставени се фактури за набавка на опремата и предмер пресметка за извршените градежни работи, која е без потпис од извршен надзор. Од страна на УО на друштвото донесена е Одлука[13] со која се задолжува извршниот директор за финансиски работи да ангажира вешти лица од Бирото за судски

[12] Одлука на УО за склучување на договор бр.02-984/22 од 18.05.2018 година
[13] Одлука бр.02-2101/13 од 14.11.2018 година

вештачења за финансиско вреднување на целокупното инвестиционо вложување на закупецот и да се изготви Анекс на договорот согласно недостатоците на договорот констатирани во извештајот на Комисијата што го извршила увидот;

- на 11.12.2019 година, одржан е состанок и изготвен е Записник од одржаниот состанок помеѓу претставници од М-НАВ и закупецот, на кој е постигнат договор градежната книга да се верификува од надзорен орган, по што од страна на М-НАВ ќе се ангажира вешто лице за вештачење на количините и вредностите искажани во ситуацијата. Во однос на купувањето на опрема која е за вршење на дејноста - угостителство, договорено е да не се признава како инвестиција на ресторанот.

Несоодветното давање под закуп на деловни простории придонесува за постапување кое не е во согласност со закон во однос на изборот на закупецот, реализацијата на договорот и помалку остварени приходи по овој основ.

**Препорака**

Надлежните служби на друштвото да продолжат со активностите за финансиско вреднување на инвестиционото вложување од закупецот и врз основа на утврдените состојби да склучат Анекс на договорот.

4.1.5. Со извршениот увид во сметководствената документација за потрошокот на гориво, ревизијата констатира дека одредени корисници на службени возила не ги почитуваат интерните акти со кои се регулира начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на М-НАВ[14]. Имено, во 2018 година, пет службени возила имаат изминато 179.848 км, за кои според просечната потрошувачка на гориво утврдена со техничките спецификации на возилата потребни се вкупно 11.638 литри. За наведените возила потрошени се вкупно 28.002 литри гориво во вредност од 1.743 илјади денари, што е за 58% повеќе од потребните количини, односно направени се повеќе трошоци за гориво во износ од 1.011 илјада денари. Во насока на утврдување дали потрошувачката на гориво на службените возила во АКЛ Охрид е во согласност со интерните акти и процедури, Управниот одбор има формирано Комисија која, за периодот од 01.01.2017 до 08.06.2018 година има констатирано значително отстапување од предвидената просечна потрошувачка на гориво по возило. Во однос на констатираните состојби, од страна на М-НАВ преземни

[14] Правилник и процедура за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила бр.02-1330/3 од 30.08.2012 година;

се мерки до надлежните институции, поради што ревизијата не дава препорака.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1 Управниот одбор има донесено Одлука со која се формира Комисија за попис[15], по што е спроведен попис на средствата и обврските, изготвен е Извештај од извршен попис за 2018 година[16] и со Одлука е усвоен од страна на Управниот одбор[17].

Со извршениот увид во целокупниот пописен материјал ревизијата констатира непочитување на одредбите од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и ги утврди следниве состојби:

- Во извештајот од извршениот попис е нотирано дека пописната комисија во текот на извршување на пописот се соочувала со потешкотии од причина што одредени средства имале повеќе налепници - бар кодови наследени од претходните институции, други средства на кои имало налепница - бар код, но мобилниот читач не ги препознавал и средства на кои воопшто немало налепница - бар код, така што истите биле запишувани во помошна евиденција;
- на тешко достапните места (Солунска глава и Горенска Чука, Охрид и Изделглавје) поради метеоролошките услови не е извршен попис, туку е извршена проверка на основните средства со непосредните раководители на објектите;
- пописните листи не се составени посебно, според аналитичките сметки на средствата и обврските кои се предмет на пописот, што не е во согласност со член 10 став 4 од Правилникот;
- Комисијата за попис имала пристап до сметководствените податоци за количините на основните средства и залихите на материјали и резервни делови кои се предмет на физички попис уште пред да започне утврдувањето на фактичката состојба, што не е во согласност со член 10 став 3 од Правилникот;
- пописните листи на основни средства не ги содржат во целост податоците пропишани во член 10 став 5 од Правилникот, односно од страна на Комисијата за попис извршено е потврдување на основните средства по листите добиени од материјалната евиденција и внес со бар код читач. Ваквите пописни листи се неуредни, неажурни, поголем дел

[15] Одлука бр.02-2101/15 од 14.11.2018 година
[16] Извештај од извршен попис за 2018 година бр.05-416/2 од 26.02.2019 година
[17] Одлука бр.02-492/18 од 28.02.2019 година

од основните средства не се потврдени, односно не може да се утврди дали воопшто се најдени или пак биле предмет на попис;

- Пописната комисија нема извршено попис на фактичката состојба на нематеријалните средства и возниот парк односно истата е преземена од материјалната евиденција, што не е во согласност со член 4 од Правилникот.
- не е извршен попис ниту на вложувањата во недвижности и на инвестициите во тек, со цел да се утврди степенот на довршеност на секоја поединечна инвестиција односно да се изврши усогласување на степенот на довршеност со евидентираните времени ситуации и периодот на започнување и денот кога инвестицијата треба да заврши;
- во пописните листи не се внесени податоци со кои целосно ќе се утврди фактичката состојба на градежните објекти (вредност, квадратура, имотни листи и др) со цел да се утврдат евентуалните оштетувања, дополнителни вложувања, дали се работи за градежни објекти кои заеднички се користат или објекти од кои се користи само дел кој е сопственост на субјектот, што не е во согласност со член 7 од Правилникот;
- од страна на пописната комисија на М-НАВ извршен е попис на побарувањата од вработени, побарувања од домашни комитенти и делумно побарувања од странски комитенти, а не е извршен попис на сомнителни и спорни побарувања и побарувања од државни органи и институции. Пописот на побарувањата се заснова на искажаните состојби во трговските книги односно пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата врз основа на екстерна или интерна документација, не се утврдени причините за ненавремена наплата на истите, не е утврдена старосната структура и преземените активности за нивна наплата;
- извршен е попис на сметката и девизната сметка, при што салдото на девизната сметка прикажано во Извештајот за извршениот попис за 2018 година се разликува од салдото прикажано во трговските книги и ФИ за 2018 година, заради неизвршен попис на средствата депонирани како гаранција за ЕБОР, за 172.214 илјади денари;
- по извршениот физички попис, Комисијата за попис нема извршено внесување на сметководствената материјална состојба во пописните листи, утврдување на разликите во бројот (количината) меѓу сметководствената и фактичката состојба, внесување на вредноста на средствата во пописните листи и утврдување на вредносните разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на средствата, туку

истото е направено од страна на лице од Одделението за финансии и администрација, што не е во согласност со член 11 од Правилникот;

- извештајот од извршениот попис за 2018 година не содржи преглед на сметководствената вредност на средствата чија фактичка состојба не е утврдена (кусок од 269 основни средства) со соодветни образложенија, ниту предлог за начинот на надоместување на кусокот. Иако Управниот одбор има донесено Одлука со која се усвојува елаборатот за пописот, нема донесено Одлука по резултатите од извршениот попис, за начинот на евидентирање на искажаниот кусок, по што треба да се задолжи Одделението за финансии и администрација, сметководствената состојба на 31.12.2018 година да ја сведе на стварната состојба, утврдена од пописната комисија.

Ваквите состојби укажуваат на не целосно спроведен попис и не даваат уверување за реално и објективно прикажување на средствата и обврските, искажани во трговските книги и ФИ за 2018 година.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештај преземени се мерки и донесени се: Одлука бр.02-605/25 од 12.03.2020 за набавка на нови бар кодови, Одлука бр.02-605/26 од 12.03.2020 година за ажурирање на Процедурата за начинот и роковите за вршење попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и Процедурата - Складирање (магацинско работење).

**Препорака**

Управниот орган да преземе мерки и активности во насока на спроведување, организирање и извршување на целосен и правилен попис на средствата и обврските, согласно законските прописи.

4.2.2 Во трговските книги и ФИ со состојба 31.12.2018 година, М-НАВ има искажано побарувања од купувачите во земјата и странство намалени за вредносното усогласување на истите, во износ од 123.699 илјади денари. Со увид во документацијата која се однесува на начинот на евидентирање на побарувањата, евидентирање на сомнителни и спорни побарувања и отпис на побарувањата, ревизијата го констатира следното:

- извршен е отпис на побарувања за прелети во износ од 1.850 илјади денари врз основ на Извештајот[18] од Eurocontrol, без да се донесе Одлука за отпис на побарувањата од страна на УО на друштвото, што не е во согласност со член 20 од Статутот на друштвото;

18 Извештај од Европската организација за воздухопловна безбедност-Евроконтрол бр.05-3/57 од 14.01.2019

- не се преземени мерки за наплата на побарувањата од три комитенти од странство кои потекнуваат од 2012 и 2013 година, во вкупен износ од 732 илјади денари, ниту истите се евидентирани на сметката сомнителни и спорни побарувања, со што ќе се зголемат трошоците на работењето;
- не се преземени мерки за наплата на побарувањата од повеќе комитенти од земјата и странство кои потекнуваат од минати години, во вкупен износ од 527 илјади денари, а се евидентирани на сметката сомнителни и спорни побарувања;
- не е извршен отпис на побарување евидентирано на позиција сомнителни и спорни побарувања во вкупен износ од 2.444 илјади денари, за кое во 2012 година пријавено е побарување кон должникот во стечајна постапка, а во 2015 од страна на судот[19] донесено е Решение за запирање на стечајната постапка и ликвидирање на должникот;
- не е извршен отпис на побарување од комитент од земјата евидентирано на позиција сомнителни и спорни побарувања во вкупен износ од 5.654 илјади денари, врз основ на донесениот Заклучок за прекинување на извршување од страна на извршител заради неможност за наплата на истото и донесената Одлука на УО[20] за непреземање на натамошни правни дејствија во однос на евентуална одговорност на сопственикот на компанијата.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со МСС 39 точка 58 и 59 и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва и има за резултат нереално и необјективно искажување на побарувањата од купувачите и трошоците на работење во ФИ за 2018 година.

**Препорака**

Надлежните лица во одделението за финансии и администрација, сметководствено да ги евидентираат сомнителните и спорни побарувања, а отписот да се врши согласно законските одредби.

4.2.3 Во финансиските извештаи на трговското друштво со состојба 31.12.2018 година М-НАВ има искажана состојба на побарувања за повеќе платен ДДВ и персонален данок на доход во износ од 3.829 илјади денари. Побарувањето за ДДВ е евидентирано врз основ на извршена контрола на Управата за јавни приходи, по Решение за утврдување на ДДВ заради неправилно пресметување и утврдување[21] за 2012 година на износ од 1.486 илјади денари и Решение за

[19] Основен суд Скопје 2
[20] Одлука бр.02-577/15 од 29.03.2018 година
[21] Решение бр.15-111/117597 од 21.10.2013 година

утврдување на ДДВ заради неправилно пресметување и утврдување[22] за 2011 година на износ од 1.197 илјади денари. Побарувањето за персонален данок на доход е евидентирано по Записник од УЈП[23] на износ од 1.123 илјади денари.

Согласно член 122-а од Законот за даночна постапка, враќање на повеќе или погрешно уплатен или наплатен данок, како и споредни даночни давачки не може да се бара доколку истекол рокот на застарување. Рок на застареност изнесува пет години сметано од уплатата, а во секој случај по истекот од десет години застарува враќањето на повеќе и погрешно уплатениот или наплатен данок. М- НАВ до денот на ревизијата, нема преземено мерки за поврат на ДДВ односно персонален данок на доход на начин пропишан во член 45 од Законот за ДДВ и член 102 од Законот за персонален данок на доход каде е пропишано правото на даночниот обврзник за поврат на данок врз основ на барање кое се искажува во даночната пријава, а доколку даночниот обврзник не искаже такво барање, разликата се пренесува како даночна аконтација за следниот даночен период.

**Препорака**

Одговорните лица во друштвото, за да го остварат правото за поврат на данок, навремено да поднесуваат барање за поврат на данок во даночната пријава, односно разликата на повеќе платениот данок да ја пренесуваат како даночна аконтација за следниот даночен период.

4.2.4 Со извршениот увид во начинот на водење на Регистарот на основни средства и евидентирање во трговските книги, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- евидентирањето на нематеријалните средства не е извршено согласно МСС 38 точка 18 и член 472 од Законот за трговски друштва. Нематеријалните средства набавени до 31.12.2011 година не се евидентирани одделно, туку во групи, во зависност од периодот на набавка "софтвери до 2008, до 2009, до 2011 година". Со цел да се надмине ваквата состојба, односно да се утврди со кои и какви софтвери располага субјектот, во текот на 2011 година, формирана е работна група за евиденција на софтвер, изготвени се евидентни листи за секој софтвер со податоци за: видот, неговата локација, позиција на која е инсталиран софтверот, датумот на набавка, вредност, неговата оперативна функционалност, но добиените податоци од евидентните листи не се обработени, а нематеријалните средства не се разграничени поединечно во Регистарот на основни средства;

[22]Решение бр.15-111/117595 од 21.10.2013 година,
[23] Записник бр.09-1096/3 од 07.10.2013 година

- во Регистарот на основни средства евидентиран е авион од типот Злин 242 Л, сериски број 0776 со набавна вредност од 7.809 илјади денари, акумулирана амортизација во износ од 7.419 илјади денари и сегашна вредност од 390 илјади денари. Согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар – авион Злин на Министерството за одбрана[24], Договорот за давање на трајно користење на движна ствар склучен меѓу М-НАВ и МО[25], како и Записникот за примопредавање[26], авионот е во сопственост на Министерството за одбрана, но истиот сè уште е евидентиран во регистарот на основни средства на друштвото, што не е во согласност со МСС 16 точка 7 и член 472 од Законот за трговски друштва.

Ваквиот начин на водење на Регистарот на основни средства, не обезбедува соодветни и релевантни докази за потврда на објективноста и реалноста на искажаната вредност на материјалните и нематеријални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година.

**Препорака**

Управниот одбор на М-НАВ да формира работна група која ќе ја утврди фактичката состојба на нематеријалните средства со сите пропратни податоци, со што ќе се овозможи нивно соодветно разграничување, а во однос на воздухопловот да се изврши соодветна корекција во материјалната и сметководствена евиденција на друштвото.

4.2.5 Во трговските книги и ФИ на М-НАВ за 2018 година, не е евидентирана вредноста на земјиштето и тоа:

- со Делбениот биланс и Записникот за примопредавање[27], АЦВ на М-НАВ има отстапено земјиште (овоштарник) во близина на аеродромот со површина од 1.005 м$^2$, во износ од 1.346 илјади денари, кое не е евидентирано во трговските книги и ФИ на М-НАВ. Иако, во 2012 година се започнати активности за евидентирање на земјиштето во Агенцијата за катастар на недвижности, односно ангажирана е геодетска фирма за изработка на геодетски елаборат, за проценка за запишување на недвижен имот, услугата не е извршена, така што во текот на 2019 година,

[24] Сл.весник на РСМ бр.27/2011
[25] Бр. 09-791/1 од 07.06.2011 година
[26] Бр. 01-1299/1 од 28.09.2011 година
[27] Записник бр.03-1413/4 од 22.09.2009 година

М-НАВ повторно ангажира фирма за изработка на елаборат за градежно земјиште, согласно договор за јавна набавка на услуги[28];

- во 2013 година, врз основа на член 42 став 3 од Законот за градежно земјиште, од страна на Владата донесена е Одлука[29], со која на шест институции[30] им се дава право на трајно користење без надомест градежно земјиште, сопственост на РСМ. Земјиштето, со вкупна површина од 1.062 м$^2$, претставува градежна парцела[31], со намена за изградба на административен објект „Јавна администрација - Државни институции". Делот од градежното земјиште, кое му припаѓа на М-НАВ, согласно процентот од 8,25% од вкупната вредност на објектот, не е евидентиран во трговските книги на М-НАВ, од причини што не е спроведена постапка за проценка на вредноста на земјиштето.

Ваквата состојба на не евидентирање на земјиштето не е во согласност со МСС 16 точка 31, 32 и 33 и член 472 од Законот за трговски друштва и има за ефект нереално и необјективно искажување на вредноста на материјалните средства во трговските книги и ФИ за 2018 година.

**Препорака**

Надлежните служби да преземат мерки за проценка на земјиштето и евидентирање на земјиштето во трговските книги.

4.2.6 Во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година евидентирана е вредност на градежни објекти во износ од 152.848 илјади денари, без документација за докажување на сопственичкиот статус, правото на управување со недвижностите и комплетна документација за запишување на вкупниот недвижен имот во катастарот на недвижности (поседовен лист, елаборат од геодетска фирма и сл.). По изработените геодетски елаборати за посебни намени за легализација на бесправно изградените објекти и за утврдена фактичка состојба за легализација на бесправно изградени надземни инфраструктурни објекти, надлежните служби на М-НАВ, во декември 2018 година, имаат доставено 18 барања до МТВ за утврдување на правниот статус на бесправни објекти и 13 барања за утврдување на правниот статус за

---

[28] Договор бр..02-318/7 од 12.04.2019 година, Геодетско теренско снимање и изработка на геодетски елаборати потребни за изработка на проектна документација за ново планираните инфраструктурни проекти и за упис на инфраструктурните објекти кои се во владение на М-НАВ..

[29] Одлука бр.41-2046/1 од 02.04.2013 година

[30] РКЕ, АСО, АДИССДП, ЦРРМ, КХВ и М-НАВ

[31] составена од: КП 13526/7 КО Центар I со површина од 1.018 м$^2$ евидентирано во имотен лист бр.98663 и КП бр. 13854/2 КО Центар I со површина од 44м$^2$ евидентирано во имотен лист бр.98663, согласно Извод од Детален урбанистички план Градска четврт "Голем Ринг" Јужен дел – Исток

бесправни електронски комуникациски мрежи и средства[32], но до денот на ревизијата постапката е сè уште во тек.

Евидентирањето на дел од материјалните средства без целосна документација, не е во согласност со член 60 - в од Законот за воздухопловство и не дава уверување за реалноста и објективноста на искажаната вредност на имотот со кој располага друштвото.

**Препорака**

Имајќи во предвид дека постапката за утврдување на правниот статус на бесправните објекти и бесправните електронски и комуникациски мрежи и средства е сè уште во тек, по добиената согласност од надлежното министерство да се изврши нивно соодветно вреднување и евидентирање во трговските книги.

4.2.7 Во трговските книги, на 31.12.2018 година евидентирани се вложувања во недвижности во износ од 65.388 илјади денари, кои се однесуваат на вложувања во деловен простор, во рамките на административниот објект „Јавна администрација - Државни институции", Палата Лазар Поп Трајков, чиј период на изградба е од 2012 до 2017 година.

Со ревизија на изградбата на објектот, констатирани се следниве состојби:

- плаќањето на извршените градежни работи се врши од страна на повеќе институции соинвеститори: Регулаторна комисија за енергетика 17,67%, Агенција за супервизија на осигурување 13,21%, Централен регистар 41,69%, Комисија за хартии од вредност 13,19%, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор 5,99% и Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги во воздухопловна навигација М-НАВ со 8,25%, врз основа на „Анализата на квадратури и проценти за објектот", од јуни 2013 година. Според овој документ, од вкупната квадратура на објектот (6.611,9 м$^2$), М-НАВ добива површина од 545,14 м$^2$ (деловен простор заедно со заеднички простории), врз основа на која е определен процентот на учество за плаќање. Од друга страна, според Планот за распоред по институциите во објектот и Листот за прибележување на градба бр.106013 КО Центар 1 на М-НАВ отпаѓа простор со вкупна квадратура од 403,73 м$^2$ (деловен простор од 355,28 м$^2$ и дел за користење од заеднички простории од 48,45 м$^2$), односно 141,41м$^2$ помала површина во однос на онаа површина за која се извршени плаќања;

[32] КО Ќојлија (7 објекти), КО Мало Коњари (2 објекта), КО П' Жаничино (2 објекта), КО Горенци (2 објекта), КО Павлешинци (2 објекта), КО Оровник (3 објекти), КО Лешки (3 објекти), КО Мралино (5 објекти), КО Миладиновци (еден објект), КО Таор (2 објекта), КО Издеглавје (2 објекта),

- иако, според завршната ситуација од изведувачот и Завршниот извештај од надзорниот инженер за извршениот стручен надзор, работите се завршени заклучно со април 2017 година, до денот на ревизијата не е направен технички преглед на градбата од прва категорија, од страна на Комисија формирана од надлежен орган – МТВ, не е издадено одобрение за употреба и не е извршено примопредавање на истата со записник за примопредавање на изведена градба помеѓу изведувачот и инвеститорот (шест институции).
- до денот на ревизија, во објектот се сместени четири институции: РКЕ, М-НАВ АД, АСО, и КХВ, а не се користат деловните простории што им припаѓаат на Централниот регистар на РСМ и АДИССПДП;
- ревизијата има обврска да истакне дека состојбите што се наведени во Конечниот извештај бр. 13-189/6 од 19.04.2019 година на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Регулаторната комисија за енергетика на РСМ, а се однесуваат на: цената на чинење на градбата, изведбата, функционирањето, утврдените разлики во површината на објектот, трошоците за одржување и користење, обезбедување и заштита на имотот остануваат непроменети и по две години од завршувањето на објектот.

Ставањето во употреба на објект без извршен технички преглед, без одобрение за употреба и записник за примопредавање, не е во согласност со членовите 89, 90, 93 и 95 од Законот за градење, поради што истиот не е запишан во јавната книга на недвижности, на начин пропишан со член 96 став 2 од Законот за градење. Ваквите состојби создаваат ризик од одредени недостатоци кои би ги нарушиле основните барања на градбата и не даваат разумно уверување за објективно и реално прикажување на состојбите на билансните позиции во трговските книги и ФИ за 2018 година.

**Препорака:**

- Надлежните органи за управување и раководење со друштвото да преземат активности во насока на утврдување на фактичката квадратура на деловниот простор што му припаѓа на друштвото.
- Одговорните лица во М-НАВ, во соработка со останатите соинвеститори, да преземат активности за да се изврши технички преглед на градбата, да се обезбеди одобрение за употреба на објектот, да се изврши примопредавање на градежниот објект и негово запишување во јавната книга на недвижности и евиденирање во трговските книги.

4.2.8 Согласно прирачникот за сметководствени политики на М-НАВ, амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства се пресметува

правопропорционално, со цел да се распредели набавната вредност до нивните резидуални вредности низ проценетиот век на употреба, со соодветни стапки.

За тековната 2018 година, пресметана е амортизација на нематеријални и материјални средства во износ од 47.503 илјади денари. Со извршените детални постапки врз пооделните аналитички категории и верификација на пресметаната амртизација во однос на применетите стапки, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- амортизацијата на сите нематеријални средства е пресметана по стапка од 20% (корисен век од 5 години), не водејќи сметка за правото на користење на одделни нематеријални средства (ограничен или неограничен век на користење);
- за четири лиценци за кои согласно договорот не е наведен векот на користење, применета е стапка на амортизација од 33,3% (корисен век од 3 години), без при тоа да се изготви елаборат со образложение за промената и истиот да се достави до Управниот одбор кој треба да донесе одлука за промена на амортизационата стапка;
- Управниот одбор, врз основ на извештаите од работната група и образложение за промена на стапката, има донесено Одлука бр. 01-1510/5 од 09.10.2012 година, во која е дефиниран новиот продолжен корисен век на средствата, уредите и опремата, што е основ за пресметување на трошоците за амортизација, на 20 вида основани средства. Со извршениот увид во начинот на пресметка на амортизација на овие средства констатиравме дека кај четири од нив (Barco монитори за системот за контрола на летање, DVOR Охрид, автобус Sanos, комбе Ford Tranzit - поголемо комбе) не е применета соодветна стапка на амортизација како би се испочитувал дефинираниот корисен век на средствата.

Ваквиот начин на пресметка на амортизацијата не е во согласност со МСС 16 точка 60 – 62 и МСС 38 точка 88 и 89, член 472 од Законот за трговски друштва и Сметководствени политики на М-НАВ, а има за резултат нереално и необјективно искажување на вредноста на материјалните и нематеријалните средства и на трошоците за амортизација.

**Препорака**

Надлежните служби на М-НАВ да извршат разграничување на нематеријалните средства во однос на корисниот век на употреба, а пресметката на амортизацијата да се врши согласно новата Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизациијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Со увид во начинот на планирање и спроведување на постапките за јавни набавки во 2018 година од страна на друштвото, ревизијата констатира дека во текот на 2018 година со одлуки донесени од страна на Управниот одбор Планот за јавни набавки за 2018 година 16 пати бил изменуван и дополнуван, така што од првичните 140 постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи со вкупна проценета вредност на Планот за јавни набавки од 318.941 илјада денари, со измени и дополнувања на истиот бил зголемен на 169 постапки за јавни набавки со вкупна проценета вредност од 360.376 илјади денари. Од вкупните планираните 169 постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи во текот на 2018 година биле спроведени само 56 постапки со вкупна вредност на склучените договори од 100.185 илјади денари, што претставува 27,8% реализација во однос на проценетата вредност на набавките.

Големиот број на измени и дополнувања на Планот за јавни набавки за 2018 година во текот на годината, од една страна, и нискиот процент на реализација на истиот, од друга страна, укажуваат на тоа дека друштвото не извршило соодветна проценка на вистинските потреби од набавки во тековната година, што има влијание врз нереалното планирањето на постапките за јавни набавки според потребите и расположливите извори на финансирање.

4.3.2. Со увид во документацијата што произлегува од постапките за јавна набавка за осигурување на правна одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај кои произлегуваат од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќај, ревизијата ја констатира следнава состојба:

- друштвото врз основа на спроведена постапка за јавна набавка на ден 29.09.2014 година, склучило договор за осигурување на правна одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај кои произлегуваат од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќај и истиот бил со важност три години односно до 29.09.2017 година;
- во 2017 година, друштвото спровело отворена постапка за јавна набавка[33], но истата со Одлука[34] била поништена;
- во периодот 2017 - 2018 година, друштвото спровело три постапки за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас и склучило три договори за јавна набавка со ист економски оператор и тоа: едниот договор за јавна набавка склучен на ден 13.12.2017 година на износ од 2.550 илјади денари

[33] Отворена постапка бр. 38/2017
[34] Одлука за поништување на 24.10.2017 година

(со важност до 13.03.2018 година за кој е обезбедена согласност од Советот за ЈН[35]), другиот договор за јавна набавка склучен на ден 11.04.2018 година во износ од 2.550 илјади денари (со важност до 11.07.2018 година) и третиот договор за јавна набавка склучен на ден 25.07.2018 година на износ од 1.200 илјади денари (со важност до 09.09.2018 година). Истовремено со спроведување на постапките за преговарање без објавување на оглас, друштвото во 2018 година спровело отворена постапка за јавна набавка и склучило договор за јавна набавка на ден 05.09.2018 година повторно со истиот понудувач во износ од 16.200 илјади денари и со рок на важност на договорот од 2 години, до 05.09.2020 година.

Имајќи го во предвид периодот на важност на склучените договори, произлегува дека друштвото не било осигурано од одговорност за штети причинети на трети лица во одредени периоди од годината, предмет на ревизија[36], што не е во согласност со член 60-д став 1 и 82-ж став 3 од Законот за воздухопловство, како и со одредбите од Договорот за заем со ЕБОР, согласно кои друштвото е должно да биде осигурено за штети причинети на трети лица.

Исто така, ревизијата смета дека со спроведувањето на три последователни постапки за јавни набавки со преговарање без објавување на оглас, друштвото избегнало спроведување на одредена постапка утврдена со закон, што не е во согласност со одредбите од членовите 2, 26 и 27 од Законот за јавни набавки.

4.3.3. Во текот на 2018 година од страна на друштвото извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 3.782 илјади денари, без спроведување на соодветни постапки за јавни набавки што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година, како и непочитување на член 2, 21 и 26 од Законот за јавни набавки (Прилог 1).

Ваквиот начин на набавување на стоки и услуги не обезбедува транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на економските оператори, што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака**

Надлежните служби во М-НАВ, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да ги планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

[35] Решение бр.08-12833/4 од 12.10.2017 година од Советот за ЈН
[36] Периодот од 30.09.- 13.12.2017 година, од 13.03. до 11.04.2018 година и од 11.07. до 25.07.2018 година

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.1. до 4.3. се однесуват на:

- несоодветна исплата на додаток за прекувремена работа, обезбедувањето на правни услуги без соодветни спецификации за цената на услугата и надминување на планираните средства;
- несоодветно извршен отпис на побарувањата, непреземени мерки за нивна наплата, несоодветно евидентирање на материјалните и нематеријалните средства, неевидентирано земјиште, евидентирани објекти за кои не се обезбедени документи за сопственост, нецелосно и неправилно спроведен попис, несоодветни стапки за амортизација на материјалните и нематеријалните средства;
- нерегуларности во начинот на користење и управување со службените моторни возила од страна на одредени корисници, како и во од однос на рационално и ефикасно користење на средствата при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ на ден 31 декември 2018 година, како и резултатите на финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Со извршениот увид во актите и во останатата документација поврзана со работењето на Надзорниот одбор констатирани се следниве состојби:

- во август 2017 година[37], со Одлука донесена од страна на Владата на РСМ како Собрание на друштвото, избрани се три члена за Надзорен одбор на друштвото, од кои само два биле запишани во Централниот регистар на РСМ. Членот кој не бил запишан во Централниот регистар на РСМ, работел во Надзорниот одбор до неговото отповикување со Одлука донесена во март 2018 година;
- за еден член од  Надзорен одбор од погоренаведените два члена, била донесена Одлука за негово отповикување во декември 2017 година, но истата од страна на друштвото не била спроведена во Централен регистар, односно не било извршено негово бришење така што тој продолжил да работи во Надзорниот одбор. За истиот член, Владата на РСМ повторно носи Одлука за негово отповикување во октомври 2018 година, која друштвото ја спроведува, односно извршено е негово бришење во Централниот регистар во ноември 2018 година;
- од самото донесување на Одлуката во 2017 година до денот на ревизијата Надзорниот одбор работи во нецелосен состав, што не е во согласност со членовите 24, 29 и 30 од Статутот на друштвото како и одредбите од Деловникот за работа на Надзорниот одбор, во кои е наведено дека Надзорниот одбор е составен од три члена и истиот работи ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број на членови. Одлуките на Надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Ваквата состојба на работење на Надзорниот одбор, го доведува во прашање извршувањето на надлежноста на истиот, посебно во делот на донесување на полноправни одлуки кои се однесуваат на вршењето надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор, односно за донесување на одлуки со кои се дава одобрение на одлуките што ги донесува Управниот одбор во износ поголем од 50 илјади евра во денарска противредност и на одлуки на Управен одбор доколку на службен пат во странство патуваат повеќе од тројца вработени од друштвото на ист состанок.

Од страна на друштвото во изминатиот период доставени се неколку дописи со кои ја информира Владата на РСМ, дека Надзорниот одбор подолго време работи со два члена, по што на крајот на 2019 година, Владата има донесено Одлука[38] за избор на третиот член.

---

[37]Одлука за избор на членови на Надзорен одбор број 24-4419/1 од 03.08.2017 година и Одлука за исправка на Одлуката за избор на членови на Надзорен одбор број 24-4419/2 од 03.08.2017 година.
[38]Одлука за избор на член на надзорен одбор бр.24-10401/1 од 16.12.2019

6.2. Со извршениот увид во документацијата која се однесува на капиталот на друштвото, ревизијата има обврска да го истакне следново:

- На барање на М-НАВ, извршена е проценка на средствата, обврските и капиталот со состојба на 01.12.2010 година, од страна на овластена фирма за проценка, за што е изготвен Извештај во јануари 2011 година. Со оваа проценка, утврдена е разлика помеѓу акционерскиот капитал запишан во Централниот регистар во износ од 1.153.990 илјади денари и акционерскиот капитал евидентиран во деловните книги (по сметководствена вредност) во износ од 765.849 илјади денари. Оваа разлика меѓу упишаниот акционерски капитал во ЦР и износот искажан во деловните книги на друштвото произлегува поради постапката и процедурите на статусните промени и различни датуми меѓу донесувањето на Одлуката[39] за основање на друштвото, делбениот биланс (изготвен согласно Проценката од овластен проценител со состојба 31.10.2007 година по кој е направен упис во ЦР на 04.06.2009 година, како и разликата меѓу податоците од делбениот биланс и почетниот биланс искажан во деловните книги на друштвото. Од страна на Управниот одбор донесена е Одлука[40] за прифаќање на Проценката на имотот, по што Одделението за финансии и администрација има постапено по предлогот на овластениот проценител. Спроведено е дополнително книжење во деловните книги со цел усогласување на основната главнина регистрирана во ЦР и евидентираниот капитал во деловните книги, со што разликата од 388.141 илјада денари, евидентирана е како дисконт на акционерски капитал.
- Од основање на друштвото до 31.12.2018 година, основната главнина е зголемена со средствата на друштвото, со издавање на хартии од вредност, односно извршени се уште две емисии на акции со вредност од 71.202 илјади денари[41] и 38.860 илјади денари[42], а во 2020 година извршена е и четвртата емисија на акции во вредност од 287.982 илјади денари[43], која со Решение од 23.01.2020 година е упишана во ЦР, така што основната главнина на друштвото изнесува 1.552.034 илјади денари.

---

[39] Одлука за отпочнување на постапка за основање на акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација, бр. 19-5602/1 од 16 октомври 2008 година, донесена од Владата на РСМ

[40] Одлука бр.02-264/5 од 02.03.2011 година

[41] Одлука на Влада на РСМ бр.42-8545/1 од 25.08.2015 година

[42] Одлука на Влада на РСМ бр.42-6413/1 од 30.08.2016 година

[43] Одлука на Влада на РСМ бр.45 -7136/1 од 10.12.2019 година

**М-НАВ АД Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2018 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1 | 1.048.396 | 945.187 |
| Останати приходи | 3.2 | 5.500 | 2.263 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1.053.896** | **947.450** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3 | 18.336 | 17.744 |
| Трошоци за услуги | 3.4 | 28.910 | 24.406 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 698.196 | 635.323 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 47.503 | 46.907 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 72.902 | 40.781 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетоковни и тековни средства | 3.8 | 4.587 | 12.689 |
| Останати расходи | 3.9 | 2.005 | 858 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **872.439** | **778.708** |
| Финансиски приходи | 3.10 | 619 | 1.085 |
| Финансиски расходи | 3.11 | 4.251 | 5.331 |
| **Добивка од редовно работење** | 3.12 | **177.825** | **164.496** |
| **Добивка пред оданочување** | | **177.825** | **164.496** |
| **Данок од добивка** | 3.13 | **19.471** | **19.709** |
| **Нето добивка** | 3.14 | **158.354** | **144.787** |

**М-НАВ АД Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 753.593 | 603.552 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 123.699 | 104.201 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3 | 8.918 | 12.270 |
| Побарувања од вработените | 4.4 | 278 | 205 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.5 | 17.242 | 5.071 |
| Залихи | 4.6 | 7.526 | 6.204 |
| **Вкупно тековни средства** | | **911.256** | **731.503** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.7 | 1.489 | 3.927 |
| Материјални средства | 4.8 | 344.516 | 356.364 |
| Вложувања во недвижности | 4.9 | 65.388 | 65.388 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **411.393** | **425.679** |
| **Вкупна актива** | | **1.322.649** | **1.157.182** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.10 | 18.632 | 5.555 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.11 | 1.687 | 11.264 |
| Обврски спрема вработените | 4.12 | 49.881 | 44.729 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **70.200** | **61.548** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервирања | 4.13 | 5.128 | 4.718 |
| Разграничени донации | 4.14 | 13.096 | 14.178 |
| Долгорочни обврски | 4.15 | 45.056 | 28.197 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **63.280** | **47.093** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.16 | 1.264.052 | 1.264.052 |
| Дисконт на емитирани акции | 4.17 | (388.141) | (388.141) |
| Законски резерви | 4.18 | 10.117 | 9.281 |
| Акумулирана добивка | 4.19 | 144.787 | 18.562 |
| Добивка од тековната година | 4.20 | 158.354 | 144.787 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **1.189.169** | **1.048.541** |
| **Вкупна пасива** | | **1.322.649** | **1.157.182** |

М-НАВ АД Скопје

П Р Е Г Л Е Д
ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Акционерски капитал | Дисконт на емитирани акции | Законски резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековната година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **1.264.052** | **(388.141)** | **9.281** | **18.562** | **144.787** | **1.048.541** |
| Пренос во резерви | | | 836 | | | **836** |
| Добивка за финансиска 2018 година | | | | - | 158.354 | **158.354** |
| Добивка за финансиска 2017 година | | | | 144.787 | (144.787) | - |
| Распределба на добивката за 2016 година - резерви | | | | (836) | | **(836)** |
| Распределба на добивката за 2016 година - во Буџетот на РСМ | | | | (17.726) | | **(17.726)** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | | - |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **1.264.052** | **(388.141)** | **10.117** | **144.787** | **158.354** | **1.189.169** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2018 ГОДИНА**

| | во 000 денари |
|---|---:|
| | **2018/2017** |
| **Готовински текови од оперативно работење** | |
| **Нето добивка по оданочување** | **158.354** |
| Амортизација | 47.503 |
| Резервација за користи на вработени | 410 |
| Отпис на побарувања од купувачи | 4.587 |
| **Готовински текови од работење** | **210.854** |
| **Промени во оперативните средства и обврски:** | |
| Побарувања од купувачи | (19.498) |
| Побарувања од државни органи и институции | 3.352 |
| Побарувања од вработените | (73) |
| Вредносно усогласување (исправка на вредноста) на побарувањата | (4.587) |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | (12.171) |
| Залихи | (1.322) |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 13.077 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | (9.577) |
| Обврски спрема вработените | 5.152 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | (1.082) |
| **Нето готовински тек од оперативно работење** | **184.125** |
| | |
| **Готовински текови од инвестиционо работење** | |
| Материјални средства | (33.217) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(33.217)** |
| | |
| **Готовински текови од финансиско работење** | |
| Обврски по долгорочни кредити | 16.859 |
| Распределба на добивката за 2016 година - во Буџетот на РСМ | (17.726) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(867)** |
| | |
| **Нето зголемување на парични средства** | **150.041** |
| | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **603.552** |
| | |
| **Парични средства на крајот на годината** | **753.593** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: 13-413/3 16.04.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera: |
| 13-413/3 | | | |

M-НАВ

*Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve në trafikun ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-757/1
16.04 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До

М-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор

Државен завод за ревизијаПалата „Емануел Чучков"
ул. „Јордан Мијалков"
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Одговор по забелешките од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласенот на М-НАВ АД Скопје за 2018 година под бр. 13-413/1 од 09.03.2020

Почитуван,

Ви благодариме на доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година со бр.13-413/1 од 09.03.2020 година.

Во прилог Ви доставуваме наши одговори во однос на Нацрт извештајот и со соодветна приложена документација.

Со почит,

Прилог: наведен

Изготвил координатор

Валентина Димевска

Управен одбор

Претседател Николче Тасески

Член Владко Крстевски

Член Migjen Salmani

"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239

*Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

М-НАВ

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve në trafikun ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-757/2
16.04 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До

М-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор

Државен завод за ревизијаПалата „Емануел Чучков"
ул. „Јордан Мијалков"
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Одговор по забелешките од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласенот на М-НАВ АД Скопје за 2018 година под бр. 13-413/1 од 09.03.2020

Почитуван,

Ви благодариме на доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година со бр.13-413/1 од 09.03.2020 година.
Истиот го разгледавме и во продолжение Ви доставуваме одговори по Нацрт Извештајот, за кои сметаме дека содржат аргументи што ќе бидат прифатливи за Вас, во насока да се прикаже фактичката состојба:

**Точка 1.4** што се однесува за одговорноста на раководството за финансиските извештаи што се предмет на ревизија, бараме да се прецизира со одредбите од членот 17 од Статутот на М-НАВ АД Скопје, според кој Управниот одбор е составен од три члена. Согласно став 2, 3 и 4 од членот 17:

- Еден од членовите на Управниот одбор ја води, организира и е одговорен за давање на услуги во воздухопловната навигација и носи назив извршен дирекотр за воздухопловната навигација. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство во организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола за надзорен контролор на летање и најмалку 6 годишно работно искуство како надзорен контролор на летање;
- Еден од членовите на Управниот одбор ја води, организира и е одговорен за техничките средства во воздухопловната навигација и носи назив извршен директор за воздухопловна техника. Членот се избира од редовите на вработените и мора да има стручни знаења, способности и искуство од организирање и водење на дејноста на Друштвото, да поседува валидна дозвола на воздухопловно-технички персонал и најмалку 6 годишно работно искуство како воздухопловно-технички персонал.

- Еден од членовите на Управниот одбор ги води и врши финансиските работи, правните работи, развој и инвестиции и е одговорен за финансиското работење, правното работење, развој и инвестиции и носи назив извршен директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции. Членот мора да има стручни знаења, способности и искуство од организирање и водење на дејноста на Друштвото и најмалку 6 годишно работно искуство во соодветна дејност.

**Точка 4.1.1. алинеја 4, ба**раме да се измени и прецизира забелешката дека „поради недостиг на персонал, а во насока на одржување на работата, воведувањето на прекувремена работа се врши со изготвување на распоред за работа во смени од страна на началниците на одделенијата при Секторот за воздухопловна техника и **Секторот за навигација, бе**з одлука за воведување на прекувремена работа и без писмено известување на подрачниот државен инспектор за труд, што не е во согласност со член 117 од Законот за работни односи и член 21 од Колективниот договор на М-НАВ" и зборовите – Секторот за навигација, да се исфрлат од текстот, со цел прецизно да се отслика фактичката состојба.
Имено, согласно членот 163 од Законот за воздухопловство, став 1, „работното време на контролорот на летање и на помошникот на контролорот на летање кои работат во оперативни смени може да трае до 32 часа во текот согласно членот 163 од Законот за воздухопловство, на седум последователни дена, со тоа што во текот на 90 последователни дена да не изнесува повеќе од 416 часа" и став 2, „траењето на непрекинатата работа, траењето на смените и должините на дневниот одмор на контролорот на летање и на помошникот на контролорот на летање ги пропишува директорот на Агенцијата."
Согласно Законот за работни односи, чл.120, точка 7, наведено е дека „Работодавачот не смее да наложи работа подолга од полното работно време на работникот кој има полно работно време пократко од 36 часа неделно, поради работа на работно место каде што опстојуваат опасности од повреди или здравствени оштетувања."
Со оглед дека овие законски одредби се во примена, бараме забелешката да се корегира со цел прецизно да ја прикаже фактичката состојба.
По истата точка, Ве известуваме дека по вашата препорака е постапено и по Одлука на Управниот Одбор, на 05.03.2020 година на вработените им е исплатен додатокот за 2018 година и 2019 година .

**Точка 4.1.1. алинеја 5,** сакаме да појасниме дека при вработувањата, Друштвото ги следи дефинираните критериуми за избор согласно условите за соодветното работно место предвидени со Правилникот за систематизаци на работни места.
За работното место - Советник во воздухопловна техника, во Одлуката на УО број 02-577/16 од 29.03.2018 година е прецизиран само степенот на образование VII/1 или 240 ЕКТС и бројот на извршители - 5 извршители, со опис на работни задачи. При вработувањето, беше предвидено да се вработат кандидати со работно искуство и за Огласот за кој цените дека не е запазен условот, појаснуваме дека М-НАВ во тој момент сметаше дека потребата за вработување налага нововработените да имаат работно искуство со цел да одговорат на целите на процесот, што сметаме дека не е ништо погрешно.
Во однос на вториот оглас од 21.09.2018 година, каде е прецизирано високото образование, Друштвото сметаше дека работното место во Секторот за Воздухопловна техника бара поголема стручност за целите на процесот, заради што во Огласот истото го прецизираше.

Во прилог ја доставуваме повторно документацијата што е поврзана со оваа точка, за која се разговараше и на завршниот состанок.
Секако, во иднина ќе се земе во предвид Вашата забелешка и во Правилникот за систематизација на работни места точно ќе се прецизираат овие критериуми.

**Точка 4.1.3. – алинеа 3,** што се однесува на првата, примарна проектна компонента - постапка за набавка на АТМ Систем вклучувајќи и техничко-оперативна сала, не се согласуваме со констатацијата дека:
"Друштвото не постапило по укажувања дадени од страна на ЕБОР и не пристапило кон склучување на договор со избраниот понудувач. Како резултат на ваквата постапка, а во насока на надминување на состојбите Владата на РСМ како Собрание на друштвото во април 2018 донела Заклучок со кој му било укажано на друштвото да се ретендерира проектната компонента заради изземање на зградата/салата од истата и истата да се набави од сопствени средства", поради погрешно утврдената фактичка состојба што ја потврдуваме со приложената документација, хронолошки објаснета како следува:

1. На 8-та продолжена седница на Управниот Одбор на М-НАВ А.Д. - Скопје одржана на ден 14.12.2017 година (Записник број 02-1576/15) е разгледуван Допис од Проект менаџерот на набавката за АТМ систем вклучувајќи техничко-оперативна сала, кој веднаш бил задолжен да се консултира со ЕБОР дали прво пред да го прати писмото до Леонардо за најповолен понудувач треба да се информираат истовремено и двајцата понудувачи или прво едниот па другиот понудувач;

   Прилог: Записник од 8-та продолжена седница на Управниот Одбор на М-НАВ А.Д. - Скопје број 02-1576/15 одржана на ден 14.12.2017 година
2. На ден 14.12.2017год. Проект менаџерот ги прашува преку електронска пошта ЕБОР и тие веднаш одговараат дека прво треба да се добие performance security - гаранција од Леонардо и во исто време да ги информираме двајцата добавувачи;

   Прилог: електронска пошта од 14.12.2017година
3. На ден 22.12.2017 година Проект менаџерот добива performance security -гаранција;

4. На ден 25.12.2017 година Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата на РМ со Извештај бр.19-35/20 и предлага на Владата на РМ М-НАВ А.Д. - Скопје да подготви Анализа за подготвеност за отпочнување со реализација на проектот, со цел превенирање на неусогласеност во рокотвите за инсталирање на соодветната опрема со роковите за реализација на градежниот дел од проектот, како и да направи координативен состанок со Министерство за транспорт и ТАВ за начинот и динамиката за реализација на градежниот дел од проектот;

   Прилог: Извештај од бр.19-35/20 од 25.12.2017 година на Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата на РМ
5. На ден 26.12.2017, согласно заклучокот од Извадокот од Нацрт-записникот од 45-тата седница на Владата на РМ број 44-7350/1, по точката 2 се носи заклучок со препораки М-НАВ А.Д. – Скопје да изготви

анализи и одржи состанок согласно укажувањата од Комисијта за економски систем;

Прилог: Извадок од Нацрт-записникот број 44-7350/1 од 45-тата седница на Владата на РМ по точка 2

6. Веднаш по приемот на заклучокот од Извадокот од Нацрт-записникот од 45-тата седница на Владата на РМ (04.01.2018 година) М-НАВ А.Д. – Скопје изготвува нов динамички план и Материјалот со заверка на М-НАВ А.Д. – Скопје архивски броеви бр.02-29/1, бр.02-29/2 бр.02-29/3, 02-29/4 и 02-29/5 од 05.01.2018 година го доставува до Владата на РМ. Материјалот е примен во Владата на РМ на ден 11.01.2018 година;

   Прилог: Материјал доставен до Генералниот секретар на Владата на РМ М-НАВ А.Д. – Скопје арх.бр.02-29/1, бр.02-29/2 и бр.02-29/3, 02-29/4 и 02-29/5.

7. На 23.01.2018 година од страна на Проект менаџерот добиваме електронска порака дека две недели претходно се одржал состанок со ТАВ, согласно Нацрт-записник број 44-7350/1 од 45-та седница на Владата на РМ одржана на ден 26.12.2017год., и се утврдиле чекорите за ефикасно надминување на спорот со земјиштето на кое треба да се гради зградата дел од Проектот за новиот АТМ систем вклучувајќи техничко-оперативна сала и во истиот се доставува Нацрт договор кој треба да се усогласи со нашето правно одделение;

   Прилог: електронска порака од Проект менаџерот од 23.01.2018 година

8. На ден 26.01.2018 година Заменик Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и координација со економските ресурси со Допис бр.09-826/2 го известува Министерството за транспорт и врски дека нема забелешки на новиот динамички план, но укажува на потреба од дополнување на истиот со потребни финансиски средства за секоја мерка дополнително;

   Прилог: Допис бр.09-826/2 од 26.01.2018 година од Заменик Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и координација со економските ресурси

9. На 08.02.2018 година Генералниот колегиум на државни секретари при Владата на РМ со допис бр.17-20/34-7 не информира дека точка за разгледување на ревидираниот Акциски план се одлага согласно Мислењето на Кабинетот на заменик претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и координација со економските ресурси поради дополнување кое е потребно да се достави од наша страна.;

   Прилог: Допис бр.17-20/34-7 од 08.02.2018 година

10. На ден 09.02.2018 година добиваме Покана со информација од Генералниот колегиум на државни секретари при Владата на РМ дека точката за новиот динамички план ќе биде разгледана на 14.02.2018 година;

    Прилог: Покана од Генералниот колегиум на државни секретари при Владата на РМ од 09.02.2018 година

11. На 14.02.2018 година М-НАВ А.Д. – Скопје доставува кон ТАВ коментари и забелешки на Договорот за деловно техничка соработка;

Прилог: Забелешки од 14.02.2018 година

12. На 15.02.2018 година Генералниот колегиум на државни секретари при Владата на РМ не известува дека точката – Информација со нов динамичен план за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР – каде примарна проектна компонента е Набавката на АТМ Систем вклучувајќи и техничко оперативна зграда, беше повторно одложена до некој нареден колегиум за што бевме информирани со Допис бр.17-20/35-7 од 15.02.2018 година;

Прилог: Допис бр.17-20/35-7 од 15.02.2018 година на Генералниот колегиум на државни секретари при Владата на РМ

13. На 16.02.2018 година до Владата на РМ од страна на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, кон точката 8 е предложен Извештај бр.19-35/26 дека Информацијата за новиот динамичен план е симната од разгледување поради дополнително усогласување;

Прилог: Извештај бр.19-35/26 од 16.02.2018 година

14. На 10.04.2018 година, согласно заклучокот по точка 68 од Изводокот од Нацрт записникот од 63-та седница на Влада бр.44-2443/2 се укажува на М-НАВ А.Д. - Скопје да се ретендерира проектната компонента Набавка на нов АТМ систем вклучувајќи техничко-оперативна сала и нов МОДЕ С радар;

Прилог: Нацрт записник од 63-та седница на Владата бр.44-2443/2од 10.04.2018 година

15. На 12.04.2018 година го добиваме Договорот за деловно техничка соработка со ТАВ за финално одобрување и потпишување и истиот е потпишан на 13.04.2020;

Прилог: Договор за деловно техничка соработка со ТАВ потпишан на 13.04.2020

16. На ден 13.04.2018 година со Одлука бр.02-749/6 од 16-та седница на Управниот одбор на М-НАВ А.Д. – Скопје се задолжува Раководителот на ПИУ и неговиот заменик веднаш да се обратат до ЕБОР и да побараат согласност за ретендерирање на новиот АТМ систем вклучувајќи техничко-оперативна сала и новиот МОДЕ С радар, согласно укажувањето од Владата на Република Македонија;

Прилог: Одлука бр.02-749/6 од 13.04.2018 година

17. На 09.05.2018 година преку електронска пошта М-НАВ А.Д. - Скопје добива согласност “no objection“ од ЕБОР за што се бара отпочнување на изготвување на нова техничка документација за новиот АТМ систем без зграда и за новиот МОДЕ С радар на државно земјиште;

Прилог: Електронска пошта од 09.05.2018 година

18. Во периодот од мај 2018 година до 06.09.2018 година, преку повеќе електронски пораки, се координираа активностите со ЕБОР и консултантот Егис Авиа во насока на изготвување тендерска документација и нов план за набавка (procurement plan) за новиот АТМ систем и новиот МОДЕ С и истиот се проследи до ЕБОР како конечен на 06.09.2018 година и после тоа се чекаше одобрување од нивна страна;

    Прилог: електронски пораки за периодот од мај 2018 година до 06.09.2018 година
19. Согласно заклучокот од Извадокот од Нацрт записникот од 96-та седница на Владата на Република Македонија бр.44-17/96 од 22.10.2018 година М-НАВ А.Д. - Скопје доби информација дека заклучоците во однос на Проектот за набавка, инсталирање и имплементација на нов АТМ систем вклучувајќи и техничко оперативна зграда донесени на 63-та седница на Владата на Република Македонија престануваат да важат;

    Прилог: Нацрт записник од 96-та седница на Владата на Република Македонија бр.44-17/96 од 22.10.2018 година
20. На ден 31.10.2018 година на 31-та седница на Управниот Одбор на М-НАВ А.Д. – Скопје се носи одлука во однос на Проектот за набавка, инсталирање и имплементација на нов АТМ систем вклучувајќи и техничко оперативна зграда да се испрати Писмо за прифаќање кон ино-фирмата Леонардо од Италија.

    Прилог: Одлука од 31-та седница на Управниот Одбор на М-НАВ А.Д. – Скопје бр.02-2017/8 од 31.10.2018 година

Евидентно е дека во дадениот период, М-НАВ АД Скопје континуирано превзема активности и постапува по насоките на ЕБОР за склучување на Договорот, паралелно континуирано превзема активности во врска со надминување на спорот со земјиштето на кое треба да се гради зградата - дел од Проектот за новиот АТМ систем вклучувајќи техничко-оперативна сала како круцијален елемент (предуслов) за склучување на Договорот и воедно, континуирано превзема активности и постапува по заклучоците од Владата на РСМ поврзани со склучувањето на Договорот.
Согласно образложението за фактичката состојба, во кое хронолошки се наведени фактите и документацијата како потврда на наведеното во прилог на овој допис, не се согласуваме со конкретната забелешка и бараме оваа состојба да не биде презентирана како забелешка во конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

**Точка 4.1.4.,** Ве известуваме дека активностите поврзани со реализација на препораката за просторијата издадена под закуп за ресторанот од затворен тип, наменет само за вработените на Друштвото, се во тек.

**Точка 4.2.1.**, Ве известуваме дека Управниот одбор веќе постапува по вашата препорака за организирање на пописот и донесе Одлука 02-605/25 од 12,03,2020 год. да се набават нови бар кодови, Одлука 02-605/26 од 12.03.2020 год., да се ажурира Процедурата за спроведување на попис и одлука да се спроведе вонреден попис со цел корегирање на констатираните забелешки.

Прилог: одлуки

**Точка 4.2.2. алинеја 1**, не се согласуваме со забелешката дека „извршен е отпис на побарувања за прелети во износ од 1.850 илјади денари врз основа на Извештај на Eurocontrol, бр.05-3/57 од 14.01.2019 год., без да се донесе Одлука за отпис на побарувања од страна на УО на Друштвото, што не е во согласност со член 20 од Статутот на Друштвото".
Во прилог ви доставуваме Одлука на Управниот одбор 02-920/9 од 12.05.2013 год., според која М-НАВ АД ќе ги признава и пресметува приходите од Eurocontrol и ќе ги евидентира ненаплатените побарувања, врз основа на извештајот и податоците на Eurocontrol, без да врши дополнителна контрола. Во образложението на Одлуката е наведено дека процесот на повторна проверка е сложен и комплексен, а со тоа и висината на трошоците потребни за спроведување на проверката (софтверски, чување на огромна база на податоци за авиокомпании за тип на воздухоплов, регистрација, тежина и сл.)
Сметаме дека иако не е донесена формално посебна одлука за отпис на побарувањата за прелети за 2018 година, Друштвото, во суштина отписот на побарувања го спровело во согласност со одредбите на цитираната Одлука од 2013 година, за евидентирање на ненаплатените побарувања врз основа на извештаите и податоците на Eurocontrol, со што постапило согласно Одлуката и членот 20 од Статутот на Друштвото.

**Точка 4.2.3.** се согласуваме со забелешката и Ве известуваме дека **ќе** постапиме согласно со препораката. Правото за поврат на даноците е по основ на записници од УЈП. Рокот за поднесување на барање истекува во октомври 2023 година. Друштвото ќе достави барање до УЈП овие средства да се искористат како аконтација на данокот на добивка во наредниот период.

**Точка 4.2.4. алинеја 1**, забелешката дека „ нематеријалните средства набавени до 31.12.2011 година не се евидентирани одделно, туку во групи, во зависност од периодот на набавка – софтвери до 2008, софтвери до 2009, до 2011" и „не е извршено разграничување поединечно во регистарот на основни средства" е прифатлива. Но, бидејќи се работи за средства што се сметководствено признати во 2009 до 2011 година и за нив во периодот е пресметувана амортизација со стапка од 25%, нивната сметководствена вредност по изминати 9, 10 години е нула. Со сметководствена вредност - нула , сметаме дека тие немаат ефект и влијание врз објективноста и реалноста на позициите во Финансиските извештаи за 2018 година, што се предмет на ревизија.

**Точка 4.2.8. алинеја 3,** не се согласуваме со забелешката дека „ за одредени материјални средства (системи, радари, компјутерска опрема, возила) применети се различни стапки на амортизација од оние наведени во Прирачникот за сметководствени политики односно продолжен е корисниот век на употреба, исто така без да се изготви елаборат со образложение за промена на стапката"
Во прилог на одговорот ви доставуваме документација врз основа на која УО ја донел Одлуката за продолжување на корисниот век на употреба и промена на стапките за амортизација.

1. Решение за формирање на работна група која треба да го преиспита работниот век на средствата, уредите и опремата, бр. 02-1371/3 од 07.09.2012 год.;
2. Одговор по Решението бр.02-1371/3 од 07.09.2012 година, со бр. 08-1496/1 од 04.10.2012 год.;

3. Извештај по Решението бр.02-1371/3 од 07.09.2012 година, со бр. 08-1491/1 од 04.10.2012 год.;
4. Одговор по Решението бр.02-1371/3 од 07.09.2012 година, со бр. 08-1465/1 од 28.09.2012 год.;
5. Одговор по Решението бр.02-1371/3 од 07.09.2012 година, со бр. 08-1476/1 од 01.10.2012 год.;
6. Одлука за прифаќање на наведените извештаи бр.02-1510/3 од 09.10.2012 год.

**Точка 4.3.1** се согласуваме со препораката дека „Надлежните служби во М-НАВ АД Скопје при донесување на годишниот План за јавни набавки да ги планират вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки“ и Ве известуваме дека ќе се преземат активности во врска со зајакнување на процедурата во процесот на планирање, започнување на постапките за јавни набавки и следење на реализација на договорите.

**Точка 4.3.2.**, не се согласуваме со забелешката дека „со спроведување на три последователни постапки за јавни набавки со преговарање без објавување на оглас, Друштвото избегнало спроведување на одредена постапка утврдена со закон, што не е во согласност со членовите 2, 26 и 27 од Законот за јавни набавки“ и бараме да се прецизира по кои акт ревизијата смета дека Друштвото „избегнало спроведување на одредена постапка утврдена со закон, што не е во согласност со одредбите од членовите 2, 26 и 27 од Законот за јавни набавки“
Во прилог на нашиот одговор ви доставуваме образложение што хронолошки ги објаснува постапките од кои би можело да се заклучи дека:

1. Постапката за спроведување на јавната набавка е започната три месеци пред завршување на претходниот договор за осигурување;
2. Текот на постапката, во почетокот се пролонгирал - во очекување да се обезбеди позитивно мислење по претходно добиени две последователни негативни мислења од Советот за јавни набавки и обезбедување на одобрение од Надзорниот одбор што се поклопува со период кога НО немал членови именувани од Владата на РМ, заради што Друштвото не било во можност навремено да ја спроведе набавката;
3. Во периодот, Друштвото ги преземало сите чекори, во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки, со цел да го исполни и одржува барањето од законската регулатива (Законот за воздухопловство) и обврската по заемот за кредит од ЕБОР, задолжително и за цело времетраење на Договорот за заем да обезбеди континуитет на поткритието и истовремено да го заштити капиталот и угледот на Друштвото.

Имено, согласно Договорот за јавна набавка на услуга-Осигурување на правната одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај, кои произлеуваат од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќаај кој истекуваше на ден 29.09.2017 год. Договорниот Орган превзема мерки во однос на што новата постапката за склучување на Договорот за јавна набавка беше отпочната со Одлука за отпочнување на јавна набавка бр.02-750/1 од 12.06.2017 година.
Пред пристапување на објава на огласот Договорниот орган објави технички дијалог за кој е составен и записник од спроведениот дијалог бр.02-750/2 од 28.06.2017, имено за времетраење на објавата на технички дијалог прашања

беа поставени од страна на економските оператори во однос на критериумите кои беа дел од тендерската документацијата. Согласно предвидените критериуми во тендерската документација (тд) вметнати од страна на Комисијата формирана за јавната набавка и прашањата поставени од економските оператори, Договорниот орган се има обратено до Советот за јавни набавки за согласност, но од нивна страна е добиено негативно 2 пати и по трет пат се дава согласност. На ден 14.09.2017 година Договорниот Орган го објави огласот за јавната набавка на услуга бр.38/2017 согласно бараните измени доставени по решение од Советот за јавна набавка. На ден 09.10.2017 година дури траеше рокот за доставување на огласот за јавна набавка на услуга бр. 38/2017 , Управниот Одбор на М-НАВ АД Скопје одржа состанок на кој беа присутни членовите на Комисијата формирана за јавната набавка и ангажираниот брокер ЕУРОМАК брокер АД, овластено осигурително брокерско друштво од М-НАВ АД Скопје. Од страна на Брокерот е доставено презентација во однос на сумата за реосигурувањата согласно истражувањата на пазарот, по што од страна на Управниот Одбор е одлучено дека е потребно да се намали износот на осигурената сума и тоа наместо 700 милиони евра на 400.000 милиони евра согласно минимумот од презентацијата.Управниот Одбор на М-НАВ АД Скопје со Одлука бр.02-1349/8 од 24.10.2017 ја поништи предметната јавна набавка бр.38/2017 согласно член 169 ст.1 ал.7 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.27/2015-Пречистен текст 78/2015,192/15,27/16 и 120/16) за кој оглас беше јавен отворен за сите заинтересирани економски оператори.

Имајќи во предвид дека тековниот Договор за осигурување на дејност истекуваше на ден 29.09.2017 Договорниот орган беше принуден да се обрати повторно до Совет за јавна набавка за постапка со преговарање согласно член 99 став 3 и член 198 став 3 од Законот за јавни набавки за рок за продолжување на тековниот договор за 90 дена во насока да се постигне целосна законска усогласеност и поголема прецизност на поставените критериуми, како и конкурентност согласно Законот за јавни набавки. По добиено Решение од Советот за јавна набавка бр.08-12833/4 од 12.10.2017 Договорниот Орган М-НАВ АД Скопје на ден 13.09.2017 година донесе одлука за отпочнување бр.**55/2017** за набавка на услуга за - Осигурување на правната одговорност кот трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај, кои произлегуват од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќаај за постапка со преговарање без претходно објавување на оглас од причини на крајна итност (член 99 ст.1 точка 1 ал.3 од Законосот за јавни набавки). Комисијата формирана за предметната набавка согласно критериумите и техничката спецификација за кое е добиено согласност од Советот за јавни набавки изготви тендерска документација и за истата на ден 18.10.2017 година прати покана за поднесување на понуди за постапка со преговарање без претходно објавување на оглас до економските оператори: ВИНЕР, ЕУРОЛИНК,ТРИГЛАВ, УНИКА и ВИГ.Согласно записникот од отварање на понуди на ден 27.10.2017 година беше доставена само една понуда од страна на економскиот оператор Еуролинк. Комисијата формирана за предметната набавка изврши евалуација на пристигнатата понуда при што даде предлог за покана за учество на преговори да се покани единствениот понудувач. На ден 06.11.2017 во административните простории на М-НАВ АД Скопје се одржа преговарање за предметната набавка. Согласно водените преговори е констатирано дека ЕО ЕУРОЛИНК не поднесе нова намалена цена односно остана на првичната понудена цена во однос на што Комисијата предложи во Извештој од спроведена постапка бр.02-1303/5 од 08.11.2017 и согласно записникот од преговори бр.02-1303/4 од 08.11.2017 понудата на

единствениот економски оператор да се избере за најповолна понуда за постапка со преговарање без претходно објавување на оглас за период од 90 дена период за кој Договорниот Орган сметаше дека е доволен за склучување на нов Договор. Управниот Одбро на М-НАВ АД Скопје на ден 13.12.2017 година пристапи кон склучување на Договор за набавка на услуга - Осигурување на правната одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај, кои произлегуват од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќаај со ЕО ЕУРОЛИНК бр. 02-1303/8 , постапка со преговарање без објавувавање на оглас.

Договорниот орган М-НАВ АД Скопје на ден 29-ти јануари 2018 година, навремено ги имаа превземено соодветната постапка и дејствијата за започнување на постапката за јавна набавка и склучување на нов Договор за осигурување, истата предвидена во годишниот План за јавни набавки за 2018 година. Согласно член 27 став 3 од Статутот на М-НАВ АД Скопје (бр.219/16 од 21.12.2016) има поднесено барање бр. 02-141/1 до Надзорниот Одбор со кое се бара одобрение на постапката за спроведување на набавка со отворен повик. Од страна на Надзорниот Одбор не е доставен до Одделение за набавки и инвестиии никаков одговор ниту одобрение (период во кој Договорниот Орган немаше членови од Надзорен Одбор именувани од Владата на РМ), заради што Договорниот Орган не бил во можност да ја спроведе набавката. Осигурувањето од дејност е еден од основните услови кој Договорниот Орган мора да го исполни и одржува за цело времетраење на Договорот за заем Оперативен бр.44067, заради кое се јавува потребата за продолжување на тековното осигурување за 90 дена. Изложеноста на ризикот од одговорност од дејноста во случај да не се продолжи осигурувањето до конечно завршување на тековната постапка за доделување на договор за јавна набавка на оваа услуга е проценета на стотици милиони евра поточно на 700.000.000 ЕУР, според предвидените сценарија за максимална можна штета која беше елаборирана од осигурителниот брокер. Управниот Одбор на М-НАВ АД Скопје донесе одлука бр.02-474/32 од 14.03.2018 година да се спроведе итна постапка со преговарње без претходно објавување на оглас за набавка на осигурување на дејност за период од 90 дена од крајна итност предизвикани од настани кои Договорниот Орган не можел да ги предвиди и да се препишат како пропуст. Управниот Одбор во одлуката го задолжи началниот на Одд. за набавки и инвестиции во кординација со овластениот брокер да ја спроведе веднаш постапката. Од страна на Одд за набавки и инвестиции се превземни дејствиа во кординација со овластениот брокер за кои на ден 26.03 2018 година се донесе одлука за отпочнување на постапка бр.**13/2018** а потоа во консултација со овластениот брокер на ден 30.03.2018 година пратени се покани за поднесување понуди до 3 економски оператори: ЕУРОЛИНК, ТРИГЛАВ и ЕВРОИНС. Понуда достави само еден економски оператор Евролинк при што Комисијата формирана за набавка со преговарање без објавување на оглас премина на евалуација на понудата согласно предвидените услови и барања наведени во поканата за поднесување на понуди во кординација со овластениот брокер кој беше вклучен во самата постапка.По извршена целосна евалуација на доствената понуда согласно извештајот од спроведената постапка бр.02-553/4 од 05.04.2018 година Комисијата предложи до Одговорното лице на М-НАВ АД Скопје понудата на единствениот економски оператор ЕУРОЛИНК да се избере како најповолна понуда за склучување на Договор за осигурување на дејност во период од 90 дена. На ден 10.04.2018 година Одговорното лице донесе одлука за избор за најповолен економски оператор согласно потребите на Друштвото и на ден 11.04.2018 склучи Договор со ЕО Евролинк.

Од причина што од страна на Надзорниот Одбор на М-НАВ АД Скопје на ден 20.03.2018 година е добиено одобрение, по што од страна на Секторот за воздухопловна навигација е поднесено барање/иницијатива за отпочнување на постапката и е донесена одлука за отпочнување на редовна постапка од 11.04.2018 година, но меѓутоа полисата за Осигурување на дејност истекуваше на 11.07.2018 а во овој период условите за склучување на нов Договор за јавна набавка на осигурување од дејност не се исполнети , бидејќи во тек е постапката редовна, но поради околностите вон контрола на М-НАВ АД Скопје постапката доцни со завршување, а недостатокот на предметната набавка би предизвикало пречки во редовното функционирање на Акционерското Друштво, побарано е мислење од Адвокат Стевица Јосифовски за законските можности за спроведување постапка со цел исполнување за законската обврска-осигурување за штета причинета за трети лица. Од страна на Адвокат Стевица Јосифовски добиено е правно мислење електронски на е-маил на ден 11.07.2018 според кое укажува дека е потребно Договорниот Орган да набави осигурително покритие на начин што ќе спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 99 став 1 точка 1алинеја 3 од ЗЈН , односно да се спроведе постапка од крајна итност предизвикани од настани кои Договорниот Орган не можел да ги предвиди и да му се препишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка,со тоа што би склучил Договор за осигурување за период од 45 дена односно додека не се заврши редовната постапка која е во тек.Управниот Одбор имајќи во предвид правното мислење од Адвокат Стевица Јосифовски, одредбите од Законот за јавни набавки како и имајќи во предвид дека ова осигурување од одговорност од дејност е еден од основните услови кој Договорниот Орган мора да го исполни и одржува за цело времетраење на Договорот за заем Оперативен број 44067, кој што Договорниот Орган го има склучен со ЕБОР, а во насока за обезбедување на континуитет на поткритието и истовремено заштита на капиталот и угледот на институцијата, донесе одлука да се спроведе итна постапка со преговарање без претходно објавување на оглас за осигурување на дејност во период од 45 дена по услов да сите барања и услови и критериуми предвидени во оваа постапка да бидат согласно објавената тендерска документација бр.3/2018 редовна постапка преку ЕСЈН.

Одд. за набавки и инвестиции на ден 18.07.2018 донесе одлука за отпочнување да се спроведе итна постапка со преговарње без претходно објавување на оглас бр.02-1345/1 за набавка на услуга бр.**46/2018** -Осигурување на дејност за период од 45 дена од крајња итност предизвикани од настани кои Договорниот Орган не можел да ги предвиди и да се препишат како пропсут.Истиот тој ден о кординација со овластениот брокер достави покана за поднесување на понуда до економските оператори: САВА ОСИГУРУВАЊЕ, ЕУРОЛИНК и ТРИГЛАВ Осигурување. На повикот за поденсување понуда за набавка со преговарање без објавување на оглас понуда достави само еконосмкиот оператор ЕУРОЛИНК. Комисијата формирана за набавка со преговарање без објавубање на оглас премина на евалуација на понудата согласно предвидените услови и барања наведени во поканата за поднесување на понуди соласно објавениот оглас бр. 3/2018 во кординација со овластениот брокер кој беше вклучен во самата постапка. По извршена целосна евалуација на доставената понуда согласно извешајот од спроведената постапка бр.02-1345/4 од 24.07.2018 година Комисијата предложи до Одговорното лице на М-НАВ АД Скопје понудата на единствениот економски опертор ЕУРОЛИНК да се избере како најповолна понуда за склучување на Договор за осигурување на дејност во период од 45 дена.На ден 24.07.2018 година Одговорното лице донесе одлука за избор за најповолен економски оператор согласно потребите на Друштвото и на ден 25.07.2018 склучи Договор со ЕО Евролинк.

**Редовна постапка 3/2018**
На ден 04.04.2018 година согласно Одобрението од страна на Надзорниот Одбор е доставено и барањето за отпочнување за јавна набавка од страна на Секторот за воздухоплнова навигација.Одд за набавки иинвестици на ден 11.04.2018 година ја отпочна постапката заредовната постака за која што е донесена и Одлука за отпочнување на јавна набавка бр.02-174/1 од 11.04.2018. На ден 13.04.2018 год. Одд за набваки и инвестиции односно членовите на Комисијата формирана за набавка на услуга-Осигурување на дејност одржа состанок со СН Осигурителен Брокер АД Скопје како надворешно анагажирано стручно лице во однос на спроведување на јавната набавка на услуга.Од страна на СН Осигурителен Брокер АД Скопје беше презентирана анализата на пазар која ја имаат изготвено согласно потребите на Договорниот Орган М-НАВ АД Скопје во која анализа се содржани елементи кои се неопходни за дефинирање и оценка на ризикот, препораки во процесот на јавната набавка како и техничка спецификација, критериуми услови и докази кои ги препорачуват за јавната набавка, а кои ќе бидат составен дел од предлог тендерската документација. Сите прашања и нејаснотии помеѓу Комисијата за јавната набавка и СН Осигурителен Брокер АД Скопје кои беа разговарани на состанокот влегоа во записник, а дополнителните прашања се одвива преку мејл коресподенција. На ден 19.04.2018 во електронска форма е доставен предлог ТД за јавна набавка бр. 3/2018 за која за истата Комисијата формирана за предметната набавка даде забелешки и предлози и истата ја услогласи и ја прати на Комисијата на увид како финална. На ден 14.05.2018 година Договорниот Орган М-НАВ АД Скопје објави технички дијалог преку ЕСЈН кој траеше во рок од 5 работни дена согласно член 43 ст.2 и 3 од Законот за јавни набавки.За времетраење на техничкиот дијалог доставени беа предлози и забелешки од страна на економските оператори за кои што Комисијата одржа записник од спроведен технички дијалог бр.02-714/5 од 20.06.2018 и во кординација со овластениот СН Осигурителен Брокер АД Скопје ги разгледа сите предлози и забелешки даден за времетрање на техничкиот дијалог во однос на објавената тендерска документација.На ден 25.06.2018 преку ЕСЈН беше објавен огласот за јавна набавка на услуга - Осигурување на правната одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај, кои произлеуват од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќаај со краен рок за поднесување на понуди 09.08.2018. На објавениот оглас понуди доставија економските оператои: ЕУРОЛИНК и Триглав Осигурување. Комисијата формирана за предметната јавна набавка изврши евалуација на пристигнатите понуди и истиот ден ги испрати понудите на увид преку електронкса форма до СН Осигурителен Брокер АД Скопје. По извршување на евалуација на пристигнатите понуди Комисијата во кординација со овластениот Брокер утврди дека понудите доствени од страна на економските оператори: ЕУРОЛИНК и Триглав Осигурување ги исполнувата во целост барањата наведени во тендеркста документација и истите ги покани да учествувата на електронска аукција. На ден 20.08.2018 преку ЕСЈН се спроведе електронска аукција и согласно Извештајот од спроведената електронска аукција утврдено е дека економскиот оператор ЕУРОЛИНК поднесе најниска цена во однос на што Комисијата изготви потребните документи како Извешатј од спроведена постапка со предлог за избор и истиот го достави до одговорното лице. На ден 23.08.2018 год. одговорното лице на М-НАВ АД Скопје донесе одлука за избор на најповолен економски оператор со која одлука од страна на Комисијата известени беа економските оператори кои учествуваа во постапката за доделување на Договор.

На ден 05.09.2018 година Управниот Одбор на М-НАВ АД Скопје склучи Договор за јавна набавка на услуга- Осигурување на правната одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај, кои произлегуваат од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќаај со економскиот оператор ЕУРОЛИНК бр. 02-714/12 во времетраење од 2 години.

**Точка 4.3.3.-** во однос на забелешката дека „извршени се набавки на стоки и услуги без спроведување на соодветни постапки за јавни набавки што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година " прифатлив е делот од забелешката што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавка, но, не се согласуваме со делот од забелешката за „непочитување на член 2, 21 и 26 од Законот за јавни набавки ,, бидејќи постојат одредени ситуации што Друштвото не можело да ги предвиди, што настанале во тек на спроведување на постапка за јавна набавка, а кои повлекле трошоци за набавка пред склучување на договорот.
Во продолжение даваме дополнително образложение за да ги појасниме околностите во кои биле потрошени 2.930 илјади денари (Прилог 1), без склучен договор за јавна набавка, што Друштвото не можело да ги предвиди, а се случиле во текот на спроведување постапка за јавна набавка согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

**1.Екстра лесно гориво** - потрошени средства 71 илјада денари; Постапката во 2017 година е отпочната на ден 05.10.2017 година со одлука за отпочнување на јавна набавка бр.02-1267/1. Огласот за јавна набавка преку ЕСЈН е објавен на ден 03.11.2017 година со рок на поднесување на понуди до 23.11.2017 год. За предметната набавка преку ЕСЈН понуди доставија 2 економски оператори. Комисијата изврши евалуција на истите и констатираше дека доставените понуди ги исполнуваат барањата наведени во тендерската документација и ги покани да учествуваат на електронска аукција на ден 05.07.2017 год. Согласно извештајот од спроведената е-аукција, Комисијата за јавната набавка изготви извештај со предлог за избор најповолен економски оператор согласно критериумот најниска цена наведен во објавениот Оглас. Одговорното лице на М-НАВ АД Скопје на ден 12.12.2017 година донесе одлука за избор најповолен економски оператор бр.02-1267/9 и со истата Одлука Комисијата ги извести економските оператори. Незадоволен од донесената Одлука за избор од страна на Договорниот Орган, понудувач кој учествуваше во самата постапка поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки и истата е примена во архивата на Договорниот Орган на ден 19.12.2017 година. Државната комисија по доставување на жалбата од страна на Договорниот Орган и согласно одговорот даден од страна на Договорниот Орган на ден 20.12.2017 година донесе Заклучок бр 08-627/5 од 20.12.2017 година каде што постапката се запира и Одлуката за избор се става вон сила, Договорниот Орган постапувајќи по решение на Државната комисија донесува Решение да се врати во повторна евалуација постапката поради пропуст наведен претходно и повторно Комисијата изврши евалуција на понудите и истите беа поканети на е-аукција. Согласно извештајот од текот на е-аукција Комисијата формирана за предметната набавка изготви извештај од спроведена постапка со предлог за избор најповолен економски оператор. Одговорното лице на М-НАВ АД Скопје донесе одлука за избор најповолен економски оператор на ден 25.12.2017 бр.02-1367/19 и известени беа и економските оператори кои учествува во самата постапка. На ден 09.01.2018 година Договорот за јавна набавка за дел 1 –Екстра лесно гориво за греење бр.02-1267/23 беше склучен. Временскиот период до склучување на Договорот (одзема време за

потпишување согласно одредбите од Законот за јавна набавка ) и средствата во износ од 71 илјада денари се потрошени заради горенаведената ситуација.

**2.Поштенски услуги –** потрошени 110 илјади денари; Управниот Одбор на М-НАВ АД Скопје на ден 29.03.2018 година донесе одлука со која се задолжува одделението за набавки и инвестиции да постапи согласно Извадокот од Нацрт записникот од 60-та седница на Владата на РМ одржана на ден 20.03.2018 година, со кој се задолжуваат сите органи на државната управа, им се препорачуваа на фондовите, агенциите бироата, дирекците, а им се укажува на заводите, јавните претпијатиа, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и другите институции основани од државата да го почитуват Законот за поштенски услуги. Одделението за набавки и инвестиции согласно Одлуката доставена од страна на Управниот Одбор на ден 16.05.2018 година ја отпочна постапката со одлука за отпочнување бр.02954/1.
Комисијата формирана за предметната набавка изготви тендерска документација и огласот преку ЕСЈН беше објавен на ден 28.05.2018 со рок на поднесување на понуди 11.06.2018.Понуди доставија 2 економски оператори за внатрешен и меѓународен сообраќаај.Пристигнатите понуди беа евалуирани од страна на Комисијата за јавната набавка и истите беа поканети да учествуват на електронска аукција.Согласно извештајот од текот на е-ауција од страна на Комсијата за јавна набавка е изготвен Извештај со предлог за избор најповолен економски оператор.Одговорното лице донесе одлука за избор за двата дела од предметната јавна набавка и на ден 09.08.2018 година е склучен Договорот за двата дела бр.02-954/8/9.

**3.Закуп на меѓународни водови-** потрошени 2.402 илјади денари; Постапката за јавната набавка на услуга е отпочната на ден 20.04.2018 година пред да истече важноста на Договорот за која Договорниот орган имаше склучено до 16.05.2018 во 2017 година. Комисијата формирана за предметната набавка изготви тендерска документација во кординација со стручното лице за јавната набавка и на ден 20.04.2018 год. објави технички дијалог кој траше во рок од 5 работни дена. Временскиот период додека траеше техничкиот дијалог имаше забелешки и предлози доставени од страна на економските оператори. Комисијата на ден 04.05.2018 година состави записник од спроведен технички диајлог и согласно прифатените предлози и забелешки од страна на економските оператори на ден 14.05.2018 го објави огласот за јавна набавка преку ЕСЈН со рок на поднесување на понуди до 08.06.2018. Во објавениот оглас понуди доставија 2 економски оператори врз основа на кои Комисијата изврши евалуација на истите во кординација со стручното лице. При проверка на доставената документација побарани беа дополнителни документи за доставување и појаснување на истите од страна на Комисијата што одзема време да се изврши комплетна евалауција. Комисијата ги покани економските оператори на ден 09.08.2018 година да учествуата на е-аукција и врз основа на текот на е-аукција изготви Извештај со предлог избор најповолен економски оператор.Одговорното лице донесе одлука за избор најповолен економски оператор за која одлука и беа известени економските оператори кои учествуваа на постапката. На ден 29.08.2018 година е склучен Договорот за јавна набавка на услуга. Средствата што се потрошени се за периодот од денот на истекот на важноста на Договорот до склучување на новиот договор.

**4.Колокација на телекомуникациска опрема** – потрошени 347 илјади денари; Постапката за јавна набавка на услуга е отпочната со одлука бр.02-1702/1 од 20.09.2018 пред да истече важноста на Договорот склучен во 2017 год. со

важност до 13.10.2018. Комисијата формирана за предметната набавка согласно доставените технички спецификации и критериуми за утврдување на способноста на економските оператори изготви тендерска докуменатција врз основа на која и огласот за јавна набавка е објавен на ден 05.10.2018 со рок на доставување на понуди до 25.10.2018. На објавениот оглас понуда имаше доставено само 1 економски оператор. Комисијата изврши евалауција на истата и констатира дека понудата е доставена со формален недостаток и е неприфатлива. Со оглед на тоа дека само една понуда е доставена што била неприфатлива, М-НАВ АД Скопје донесе Одлука за поништување на постапката бр.02-172/5 од 01.11.2018 година. Огласот за јавната набавка е реобјавен на ден 12.11.2018 со рок на поднесување на понуди до 03.12.2018. На објавениот оглас понуда има доставено само еден економски оператор. Комисијата за јавна набавка изврши евалауција и констатира дека е понудата е прифатлива согласно наведените барања и изготви Извештај со предлог за избор најповолен економски оператор и го достави до Одговорното лице.Одговорното лице врз основа на предлогот даден во Извештајот од спроведената постапка донесе одлука за избор за најповолен економски оператор и на ден 18.12.2018 Договорот за предметната јавна набвака е склучен. Временскиот период за кои се искористени средствата по истекот на Договорот е заради настанатата ситауција кога огласот бр.16/2018 што беше објавен мораше да се поништи и пак да се реобјави оглас бр. 76/2018, по кој е склучен и нов Договор.

5. **Хотелски услуги** – износот на потрошени 591 илјада денари, е заради големиот број на нокевања во хотели во Скопје и Охрид, а поради ургентноста и неопходноста од истите.

Имено, М-НАВ посветува посебно внимание на обуката на своите кадри. За таа цел, во рамките на М-НАВ функционираат повеќе центри за обука лоцирани во Контролата на летање Скопје, во кои инструкторите на М-НАВ континуирано одржуваат теоретска и практична обука за својот персонал. Нашиот персонал вработен во Контрола на летање во Охрид, на Аеродромот Апостол Павле се упатуваат на обуки и испити во Скопје што можат да траат неколку денови. Во тие ситуации, за вработените кои патуваат на релација Охрид-Скопје потребно е да се обезбеди хотелско сместување во Скопје. Потреба за сместувањето во хотелите во Скопје имаат и нашите вработени во Охрид кои се упатуваат на лекарски прегледи кои што се задолжителни за воздухопловниот персонал.
Од друга страна, контролори од Скопје кои поседуваат соодветни дозвола и овластување за работа се упатуваат на испомош на контролорите во Охрид, особено за време на летните месеци кога и обемот на воздушниот сообраќај значително се зголемува. Нивниот престој во Охрид може да е за подолг временски период во зависност од најавените летови.
Со цел да се намалат трошоците, Друштвото во февруари 2018 година, по електорнски пат достави барање за понуди за хотелско сместување со вклучен доручек до шест хотели - три во Скопје и три во Охрид. Од добиените понуди, Друштвото ја прифати најниската доставена понуда како најповолна. Во двата избрани хотела, еден во Скопје и другиот во Охрид се сместуваа нашите вработени во текот на 2018 година. Доколку, хотелот со најниска цена не бил во можност да ни излезе во пресрет поради немање на слободни соби, вработените се сместувале во следниот избран хотел. Како дополнување на горенаведеното доставуваме и копии од коресподенцијата реализирана со хотелите и понудите доставени од нивна страна.
Истите документи беа обезбедени на вашите колеги за време на Вашата ревизорска контрола во месец ноември и декември 2019 година.
Во 2020 година, во годишниот план за ЈН планирано е спроведување постапка за угостителски, хотелски и конференциски услуги. Но објавувањето на

постапката е одложена поради прогласената вонредна состојба и другите мерки и препораки од Владата на РСМ со цел превенција од ширење на Covid-19.

**6.Мобилна телефонија** - Договорот за јавна набавка на услугата за мобилна телефонија склучен е во 2016 година за перод од две години со важност до 06.12.2018. На објавениот оглас од 25.12.2018 год., не се пријави ниту еден економски оператор заради што Договорниот Орган ја поништи постапката. Заради временскиот период до склучување на новиот Договор, поради непредвидена ситуација со кои Договорниот Орган се сретна се потрошени средства.

Со почит,

Прилог: наведен

Изготвил координатор

Валентина Димевска

Управен одбор

Претседател Николче Тасески

Член Владко Крстевски

Член Migjen Salmani

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 16.04.2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на М-НАВ АД Скопје, бр. 13-413/1 од 09.03.2020 година, од страна на претседателот и членовите на Управниот одбор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-413/3 од 16.04.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 1.4** која се однесува за одговорноста на раководството за финансиските извештаи предмет на ревизија, **не се прифаќа**, поради не доставени докази кои ќе ја оспорат утврдената состојба. Во забелешката се наведени одредбите од членот 17 од Статутот на М-НАВ АД Скопје, за составот и изборот на членовите на Управниот одбор, што ревизијата ги има земено во предвид и прецизно ги има наведено членовите на Управниот одбор и нивните позиции.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1. алинеја 4** која се однесува на воведување на прекувремена работа без да биде донесена Одлука за воведување на прекувремена работа, **не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот. Имено, при вршење на ревизијата беа земени предвид Распоредите за работа во смени и исплатните листи од кои може да се утврди бројот на работни часови за кои биле ангажирани вработените лица во Секторот за воздухопловна техника и Секторот за воздухопловна навигација, како и законските одредбите кои ја третираат предметната материја, а кои се наведени во забелешката.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1. алинеја 5,** која се однесува на објавување на јавни огласи за вработување на советници за воздухопловна техника со утврдување на посебни услови за видот на образованието и работното искуство, а кои не се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, **не се прифаќа**, бидејќи не се доставени дополнителни докази кои влијаат на промена на утврдената состојба, туку истите претставуваат објаснување на причините за таквиот начин на постапување.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3 алинеја 3**, која се однесува на постапката за набавка на АТМ Системот како прва примарна проектна компонента, **не се прифаќа** бидејќи не се доставени дополнителни

докази кои влијаат на промена на утврдената состојба. Со доставените документи не може да се оспори состојбата дека ЕБОР на 23.11.2017 година дал Одобрување за направена техничка грешка при префрлањето на износот на понудата што се наведува во делот - Доделување на договор и истовремено укажал на друштвото да пристапи кон потпишување на договор со избраниот понудувач. Исто така, не може да се оспори состојбата дека по истекот на четири месеци, односно на ден 10.04.2018 година, Владата на РСМ како Собрание на друштвото донела Заклучок со кој му било укажано на друштвото да се ретендерира проектната компонента заради изземање на зградата/салата од истата и истата да се набави со сопствени средства, кој заклучок на ден 22.10.2018 година, со носење на нов заклучок престанал да важи. Дел од документацијата и активностите кои биле преземени во периодот од ноември 2017 до октомври 2018 година, а кои не и беа презентирани на ревизијата (електронски пораки, дописи, тековна коресподенција, извештаи, материјали, анализи од Владата на РСМ) не претставуваат конкретни активности кои би влијаеле на промена на констатираната состојба. Договорот за деловно техничка соработка со ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје потпишан на 13.04.2018 година е единствениот конкретен чекор кој бил преземен за регулирање на правата и обврските во однос на земјиштето на кое ќе се гради новата зграда (техничка и оперативна сала), активност која е наведена во наодот.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.4** која се однесува на неправилности при давањето под закуп на просторија - ресторан и неправилности при реализацијата на склучениот договор со закупецот **претставува известување** дека активностите поврзани со реализација на препораката се во тек, состојба која е наведена во наодот.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1** која се однесува на нецелосно и неправилно спроведен попис на средствата и изворите на средства за 2018 година, **претставува известување** за активностите што се преземени и треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака. Во прилог се доставени: Одлука бр.02-605/25 од 12.03.2020 за набавка на нови бар кодови, Одлука бр.02-605/26 од 12.03.2020 година за ажурирање на Процедурата за начинот и роковите за вршење попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и Процедурата - Складирање (магацинско работење). За активностите кои се преземени соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2 алинеја 1,** која се однесува на извршен отпис на побарувања за прелети без донесена Одлука на УО на Друштвото, **не се прифаќа.** Во забелешката се укажува дека отписот на побарувањата за прелети е извршен врз основ на донесената Одлука на УО

бр.02-920/9 од 12.05.2013 година, со која е регулирано М-НАВ АД да врши признавање и пресметување на приходите и евидентирање на ненаплатените побарувања врз основ на извештајот и податоците на Eurocontrol, без да врши дополнителна контрола. Наведената Одлука беше земена во предвид во текот на вршење на ревизијата, меѓутоа истата го опфаќа признавањето и пресметувањето на приходите и евидентирањето на ненаплатените побарувања, а не и отписот на побарувањата. Начинот на вршење на отпис на побарувањата е регулиран со точка 4.4.2. од Прирачникот за сметководствени политики на М-НАВ каде е наведено дека исправката на вредноста на побарувањето и отписот на побарувањата за услуги од прелети се прави врз основа на извештај кој го издава Eurocontrol и одлука што ја донесува УО, врз основа на извештајот, како и согласно член 20 од Статутот на Друштвото.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.3** која се однесува на непреземање на активности за остварување на правото за поврат на данок **претставува известување** дека Друштвото ќе преземе активности за спроведување на препораката односно ќе достави барање до УЈП овие средства да се искористат како аконтација на данокот на добивка за нареден период.

9. Забелешката на констатираната состојба во точката **4.2.4 алинеја 1** која се однесува на несоодветното евидентирање на нематеријалните средства, набавени до 2011 година, **не се прифаќа**, поради не доставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат констатациите во наодот. Во забелешката се потврдува констатирана состојба, но дека истата нема ефект врз реалноста и објективноста во Финансиските извештаи за 2018 година. Нематеријалните средства кои се набавени до 2011 година, евидентирани групно, не даваат реална слика за тоа со какви софтвери располага субјектот (видот, неговата локација, позиција на која е инсталиран, датумот на набавка, вредност, неговата оперативна функционалност), што не е во согласност со МСС 38 точка 18 – Признавање и мерење на нематеријалните средства. Имајќи во предвид дека во Регистарот на основни средства евидентиран е авион кој не е сопственост на М-НАВ АД Скопје, ревизијата изразува мислење дека несоодветниот начин на водење на Регистарот на основни средства, не обезбедува соодветни и релевантни докази за потврда на објективноста и реалноста на искажаната вредност во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година.

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.8 алинеја 3** која се однесува на промена на амортизациони стапки одредени материјални средства (системи, радари, компјутерска опрема, возила) без одобрение од Управниот орган, **делумно се прифаќа**, поради доставени дополнителни докази и истата ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Во Одлуката бр. 01-1510/5 од 09.10.2012 година е дефиниран новиот

продолжен корисен век на средствата, уредите и опремата, кој е основ за пресметување на трошоците за амортизација, на 20 вида основни средства. Со извршениот увид во начинот на пресметка на амортизација на овие средства констатиравме дека кај четири од нив (Barco монитори за системот за контрола на летање, DVOR Охрид, автобус Sanos, комбе Ford Tranzit - поголемо комбе) не е применета соодветна стапка на амортизација како би се запазил дефинираниот корисен век на средствата.

11. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1** која се однесува на препораката при донесувањето на Годишниот план, јавни набавки да ги планираат согласно реалните потреби и расположливи средства **претставува известување** дека од страна на друштвото ќе се преземат активности за зајакнување на процедурата за процесот на јавните набавки.

12. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2** која се однесува на спроведување на три постапки за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас за набавка на услуги - осигурување на правна одговорност кон трети лица за штети на имот, телесна повреда и смртен случај кои произлегуваат од дејноста при изведување на услугите за контрола на воздушниот сообраќај, **не се прифаќа,** бидејќи во забелешките се наведени причините поради кои друштвото во периодот 2017-2018 година се одлучило за спроведување на трите постапки за јавни набавки со преговарање без објавување на оглас, како и на истовремено спроведување отворена постапка за јавна набавка, при што склучило договори за јавна набавка со ист економски оператор, што не ја оспорува констатацијата во наодот. Во прилог на забелешките доставена е документација хронолошки како се спроведувале постапките за јавни набавки, која ревизијата ја имаше во предвид при вршење на ревизијата, но не ја менува состојбата дека друштвото не било осигурено од одговорност за штети причинети на трети лица во периодот од 30.09.- 13.12.2017 година, од 13.03. до 11.04.2018 година и од 11.07. до 25.07.2018 година. Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки, Законот за воздухопловство, како и со одредбите на Договорот за заем со ЕБОР, согласно кои друштвото е должно да биде осигурено за штети причинети на трети лица.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3** која се однесува на извршени набавки на стоки и услуги без спроведени постапки за јавни набавки, **делумно се прифаќа**, поради доставени дополнителни докази и истата ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Забелешките кои се однесуваат на набавка на: екстра лесно гориво, поштенски услуги, закуп на меѓународни водови, колокација на телекомуникациска опрема, **не се прифаќа,** од причина што документацијата која е доставена како Прилог кон забелешките беше земена во предвид во текот

на ревизијата и истата претставува образложение на околностите во кои биле реализирани трошоците. Забелешката за неспроведена набавка на хотелски услуги **се прифаќа,** заради доставени дополнителни докази кои придонесуваат за промена на изнесеното во наодот. Доставени се барања за понуди за хотелско сместување до шест хотели од месец февруари 2018 година, а од добиените понуди се прифаќа најповолната. Наведената состојба нема да биде дел од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.